# ПРИРАЧНИК ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТРУКТУРИ ЗА ЕФИКАСНА ЗАШТИТА, СПРЕЧУВАЊЕ, ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ИЗЛОЖЕНИ НА ОНЛАЈН НАСИЛСТВО

Прирачникот е подготвен во рамки на проектот „Сите заедно да изградиме заедници без родово базирано насилство“, што ЕХО го реализира со финансиска поддршка од шведската фондација Kvinna till Kvinna.

Користени кратенки:

ЕУ – Европска Унија

НВЖД – насилство врз жени и девојки

ОНВЖД – онлајн насилство врз жени и девојки

ИКТ – Информациско-комуникациска технолигија

ОЈО – Основно јавно обвинителство

МВР – Министерство за внатрешни работи

Целта на овој документ е да послужи како прирачник за професионалните структри вработени во општите даватели на услуги за жени и девојки жртви на насилство, кои ја имаат обврската и задачата први да ги овозможат услугите дизајнирани да ги заштита жените и девојките од актите на насилство во приватната и јавната сфера, on-line и off-line, како и да спречат идно насилство, истовремено превенирајќи насилство врз жени и девојчиња во заедницата. Голем предизвик во борбата против насилството врз жените е брзиот развој на технологијата и нови форми на онлајн насилство. Информациите и препораките дадени во документов може да се применат за сите форми на онлајн насилство врз жените, како што е сексуалното вознемирување, демнење преку нтернет, упатување закани во онлајн сферата, сексуална принуда или изнуда, говор на омраза, објавување на лични податоци, но и сите други форми на онлајн насилство кои, во пост Ковид-19 ерата, се случуваат со голема динамика, добивајќи сè пософистицирани форми. Наменет е првенствено за сите службени лица кои доаѓаат во контакт со жртвите на насилство, како што се: полицијата, центрите за социјална работа и граѓанските здруженија, па веруваме дека на едноставен и разбирлив начин ќе понуди појаснувања и ќе придонесе кон подобро разбирање на формите, причините, последиците, механизмите и процедурите достапни во случај на онлајн насилство искусено и пријавено од жените и девојките, со крајна цел да се обезбеди ефективно гонење, изведување пред лицето на правдата и санкционирање на сторителите, ставајќи го акцентот на сензибилизиран пристап и ориентираност кон потребите на жртвите во сите фази на постапките и пред различни органи.

## ШТО Е ДИГИТАЛНО ИЛИ ON LINE НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО?

Дигиталното, онлајн насилството врз жените е форма на родово базирано насилство, бидејќи на непропорционален начин и со посериозни последици повеќе ги

погодува жените отколку мажите. Поради распространетоста на интернетот, информатичката технологија, дигиталните апликации и секојдневното користењето на социјалните платформи и медиуми, оваа форма на насилство денес ги погодува жените во сите делови на светот и во различни сфери на животот. Технолошки развој е особено критичен за новите генерации девојчиња и момчиња, кои интензивно користат нови технологии за развивање меѓусебни односи и кои ги засегаат сите аспекти од нивниот живот.

Онлајн насилството, особено родово базираното, е дел од сеопфатната борба против загрижувачкиот феномен на насилство врз жени, но сеуште претставува растечки предизвик кој недоволно се решава со јавните политики и регулативи, ширум светот како и во Северна Македонија. Не е спорно дека жртви на онлајн насилството во интернет сферата може да бидат и мажите, но насилството врз жените е почесто и вклучува попогубни последици за личноста и нејзината околина, додека мажите искусуваат почесто релативно поблаги форми на онлајн насилство отколку жените. Така, жените се многу почесто жртви на онлајн демнење, сексуално вознемирување и осветничка порнографија без согласност, додека мажите се жртви на навреди, срамотење, физички закани со насилство и присилно гледање порнографија[1].

Брзиот развој на технологијата и новите форми на онлајн насилство, непостоењето доволно релевантни истражувања за длабочината и ширењето на проблемот, проблематичната терминологија, која не е единствена во светот, па ни во Европа[2], се карактеристиките на феноменот на онлајн насилство врз жените и девојчињата. Онлајн насилството врз жените и девојките сè уште не е целосно конципирано или законски регулирано на ниво на ЕУ. При неговото дефинирање поаѓаме од клучните документи кои го врамуват и адресираат асилството врз жени и девојчиња.

Според дефиницијата на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW)[3], дадена во Општата препорака број 19 (1992), ажурирана со Општата препорака број 35 за родово базирано насилство врз жени[4], **насилството врз жените** е форма на дискриминација на жените и кршење на човековите

---

[1] EIGE Насилство врз жените и девојките на интернет, страна 1

[2] Во поглед на нееднинствената терминологија, најинклузивен термин е „насилство врз жените со помош на ИКТ“, но се користат и општите термии „онлајн насилство“, „дигитално насилство“, „електронско насилство“ или „сајбернасилство“. За потребите на овој прирачник ќе го користиме терминот „онлајн насилство“, бидејќи е доволно едноставен и разбирлив.

[3] In 1992, the Committee on the Elimination of Discrimination against Women (the CEDAW Committee) adopted General Recommendation No. 19 on violence against women, which recognised gender based violence as a form of discrimination//

[4] Општата препорака број 35 за родово базирано насилство врз жени е достапна на OHCHR | General recommendation No. 35 (2017) on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19 (1992)

права што е регулирано во Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) (1979) и во други меѓународни и регионални инструменти според кои насилството врз жените вклучува родово базирано насилство врз жените, односно насилство насочено против жена затоа што е жена и/или затоа што несразмерно ги погодува жените. Декларацијата за елиминација на сите форми на насилство врз жените понатаму прецизира дека насилството врз жените е секој акт на родово базирано насилство кое резултира или најверојатно ќе резултира со физичка, сексуална или психолошка повреда или страдање на жените, вклучувајќи закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали се случува во јавниот или приватниот живот.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство[5], позната како Истанбулска конвенција, како најнов и најсеопфатен договор во оваа сфера, го дефинира насилството врз жените како кршење на човековите права и форма на дискриминација на жените и објаснува дека овој поим „ќе ги означува сите дела на родово засновано насилство врз жените што резултира или најверојатно ќе резултира со физичко, сексуална, психолошка или економска штета или страдање на жените, вклучително и закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали се случуваат на јавно место или во приватниот живот“. Насилството врз жени го опфаќа семејното насилство сфатено како „секој акт на физичко, сексуално, психичко или економско насилство што се случува во рамките на семејството или домаќинството помеѓу поранешните или сегашните сопружници или партнери, без разлика дали сторителот го дели или не истото живеалиште со жртвата“.

Групата експерти за акција против насилство врз жените и домашно насилство (GREVIO), која го следи спроведувањето на Истанбулската конвенција, на 20 октомври 2021 година усвои Општа препорака број 1 за дигиталната димензија на насилството врз жени[6]. GREVIO се осврнува на извршувањето на онлајн насилството врз жените или со помош на технологијата како континуитет на различните форми на такво насилство, кое влијае и ги го влошува искуствата на родово базирано насилство врз жените и девојчињата во алармантна мера. Со оваа Општа препорака, GREVIO се обидува да придонесе за усогласување на родово неинформираните дискурсите во правните рамки и во одговорите на националните власти на онлајн насилството, преку јасно позиционирање на манифестациите на насилство врз жените и девојчињата во дигиталната сфера како изрази на родово базирано насилство врз жените опфатено со Истанбулската конвенција. Оваа препорака се обидува да постави дефиниции за клучните термини и концепти во врска со насилството врз жените и семејното насилство извршено во дигиталната сфера и  дава

---

[5] Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство е достапна на https://rm.coe.int/168046253a

[6] Општа препорака број 1 за дигиталната димензија на насилството врз жени е достапна на

препораки да се спречи и да се бори против оваа појава со предлагање конкретни активности што треба да се преземат во врска со четирите столба (4Ps) на Истанбулската конвенција: превенција, заштита, гонење и координирани политики. Согласно препораката, неконсензуално споделување слики или видео, принуда и закани, вклучително закани за силување, сексуализирано малтретирање и други форми на заплашување, онлајн сексуално вознемирување, лажно претставување, следење преку Интернет или следење преку Интернет на нештата (IoT) како и психолошка злоупотреба и економска штета извршена преку дигитални средства против жените и девојчињата, сите се подведуваат под горната дефиниција дадена во член 3а од Истанбулската конвенција.

Земајќи ги во предвид прегледот на литература, во сенка на фактот дека не постојат договорени дефиниции за онлајн формите на насилство врз жени и девојките на ниво на ЕУ, за потребите на овој прирачник **онлајн насилство врз жените** го дефинираме како секој акт на насилство врз жените, базирано на род, кој е извршен, олеснет или влошен со делумно или целосно користење на интернет-комуникациските технологии (ИКТ), како на пример мобилни и паметни телефони, интернет, платформи на социјални медиуми или преку е-пошта, против жена затоа што е жена, или кое непропорционално ги погодува жените.

Согласно дефиницијата на Европскиот институт за родова еднаквост[7], сите акти на онлајн насилство врз жени и девојќи можат:

а) да започнат онлајн и да продолжат офлајн како на работното место, на училиште или дома;

б) да започнат офлајн и да продолжат онлајн на различни платформи како што се социјалните медиуми, е-пошта или апликациите за инстант пораки;

в) да бидат извршени од лице или група на луѓе кои се анонимни и/или непознати за жртвата;

г) да бидат извршени од лице или група на луѓе кои се познати на жртвата, како што е (поранешен) интимен партнер, училишен другар или колега од работа.

## (НЕ)ДОСТАПНОСТ НА ПОДАТОЦИ

Нема многу податоци за онлајн насилството врз жените и девојчињата во ЕУ и многу малку се знае за вистинскиот процент жени и девојки кои искусиле ваков вид на насилство, како и за штетите што ги доживеале. Најкомплетните податоци достапни на ниво на ЕУ се

[7] Cyber Violence against Women and Girls Key Terms and Concepts, достапно на www.kkkkkkk

добиени од истражувањето на темата насилство врз жените спроведено од Европската агенција за фундаментални права (FRA) во 2012 година. Според ова истражување[8], се проценува дека 23% од жените барем еднаш доживеале онлајн злоупотреба или вознемирување во текот на својот живот, додека 1 од 10 доживеале онлајн насилство по 15-годишна возраст. Овие сознанија се стари 10 години, но на потребата потемелно да се истражи онлајн насилството врз жените и девојките укажуваат и следните факти: ширум светот, за жените постои 27 пати поголема веројатност да бидат жртви на онлајн насилство; во Европа 9 милиони девојчиња до својата 15 година имале искуство со некој облик на онлајн насилство; 1 во 5 тинејџери/-ки во Европа пстанува жртва на сајбер-силеџија, со тоа што девојчињата се во поголем ризик, а во 2014 година 87% од пријавените фотографии со сексуално злоупотребувани деца биле слики на кои биле девојчиња.[9]

## МИТОВИ И РЕАЛНОСТИ ЗА ОНЛАЈН НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ [10]

Во недостаток на факти за феноменот, помеѓу пошироката јавност се застапени одредени уверувања или митови во однос на онлајн насилството врз жени и девојки, кои придонесуваат за: минимизирање на значењето на проблемот, префрлање на одговорноста од сторителот врз самата жртва, изнаоѓање на оправдувања за насилното однесување на сторителите, како и пасивизирање на жртвата преку прифаќање на состојбите какви што се, практично непроменливи. Овие митови влијаат сите да се однесуваат ризично на интернет и не секогаш да препознаат дека се жртви на кривично дело. Во овој дел дадени се фактите наспроти доминантните митови во однос на онлајн насилството врз жени и девојки, кои овозможуваат согледување на неговите вистински димензии и последиците кои настануваат како резултат на истото.

**Мит:** Што и да се случува на интернет не е реално. Жртвата не е во никаква вистинска животна опасност.

**Реалност:** Всушност, жртвите се во поголема опасност бидејќи можеби дури и не го знаат идентитетот на сторителите. Сторителот може да нанесе штета со кликнување на прстот без да биде физички во близина на жртвата. Откако ќе се прикачат на интернет, штетните коментари, слики, видеа или објави може да постојат долго време во онлајн просторот и може да бидат споделени од други повеќе пати.

---

[8] EU Fundamental Rights Agency (EU-FRA), Violence against women: an EU-wide survey – Main Results, Luxembourg: Publication Office of the European Union, 2014

[9] Дигитално насиље против жена и девојчица, Автономен женски центар

[10] Превземено од вен страницата https://www.wccpenang.org/online-violence-myths-realities/

**Мит:** Ако жртвите го исклучат компјутерот/мобилниот телефон, насилството ќе престане.

**Реалност:** Не, насилството не престанува. Бидејќи жртвите оставиле „дигитален отпечаток“ на интернет, кој е долготраен, сторителите можат лесно да добијат лични информации за жртвите за континуирано да ги вознемируваат, заплашуваат и искористуваат жртвите на интернет на други начини, како што е заплашување на жртвата за да изврши злосторства. .

**Мит:** Онлајн насилството е „нормално“ и жртвата ќе се избори со него.

**Реалност**: Насилството преку Интернет не е нормално и не е прифатливо. Важно е да не се нормализираат таквите однесувања, дури и во сајбер-просторот.

**Мит:** Ако сторителот ги избрише коментарите, сликите или објавите по инцидентот, тогаш тоа не се смета за онлајн насилство бидејќи содржината повеќе не е достапна на интернет.

**Реалност:** Иако сторителот ги избришал објавите, сепак тоа е форма на прекршување или злоупотреба на правата. Избришаните коментари, слики, видеа и/или објави сè уште може да се најдат на интернет бидејќи можеби биле споделени или циркулирани од други на нивните онлајн платформи.

**Мит:** Онлајн насилството го вршат странци кои се исклучително запознаени со технологијата.

Реалност: Насилството преку Интернет може да биде извршено од луѓе кои жртвите ги познаваат, како што се нивниот брачен другар и пријатели. Постојат апликации и софтвер кои се лесно достапни и лесни за употреба на интернет, а кои сторителите можат да ги користат и/или да ги инсталираат во дигиталните уреди на својата жртва за да ја следат жртвата.

**Мит:** Жртвите не можат ништо да направат за да се заштитат и да го спречат насилството преку Интернет.

**Реалност:** Постојат многу чекори што жртвите можат да ги преземат за да го спречат онлајн насилството и да се заштитат од понатамошни штети и повреди, вклучително и поднесување извештај до соодветната платформа за социјални медиуми, поднесување

пријава во полиција и поднесување жалба до агенците за заштита на лични податоци и за електронски комуникации.

**Мит:** Насилството преку Интернет не е кривично дело затоа што нема специјално донесени закони за истото.

**Реалност:** Онлајн насилството е кривично дело. Постојат законски одредби кои можат да се применат за да се обвинат сторителите, вклучувајќи го Кривичниот законик, Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство и др.

**Мит:** Жените објавуваат содржини на интернет за да привлечат внимание кон себе, па затоа треба да ги прифатат сите одговори насочени кон нив.

**Реалност**: Не. Да давате сексуализирани коментари за жените, да оставате коментари со непочитување и/или да ги вознемирувате жените на интернет е погрешно и претставува повреда на правата на личноста. Намерата со која жените споделуваат сопствена содржина на интернет не треба да биде важна.

## ПРОФИЛИ НА СТОРИТЕЛ И НА ЖРТВА

Според истражувањето на Европскиот парламент[11], најчести **сторители** на ОНВЖД се: крвни роднини, поранешни или сегашни интимни партнери, познаници, соработници, соученици и анонимни корисници на ИКТ. Постоечките истражувања сè уште не обезбедуваат сеопфатни сознанија за полот, возраста или социјалниот статус на сторителите, но евидентно е дека онлајн насилството, за разлика од офлајн НВЖД, се карактеризира со високо ниво на анонимност. Според истражувањето на Plan International од 2020 година „Free to be Online?“[12] младите жени на социјалните мрежи се група особено загрозена од овој тип на насилство. Така, најчесто, со застапеност од 36%, девојките и младите жени искусуваат онлајн насилство од непознати лица (странци), во 32% од случаите сторители се анонимни корисници на социјалните медиуми, во 29% се корисници на социјалните медиумски платформи кои не се пријатели, во 23% се соработници или соученици, во 21% се пријатели, во 16% се група странци, во 11% се сегашни или поранешни партнери и во 2% од случаите се други. Интересен е уште еден белег во поглед на полот на сторителите: истражувањата покажуваат дека мажите предничат како сторители, но кога

[11] European Parliamentary Research Service (2021) Combating gender-based violence: Cyber violence
[12] Plan International, (2020) Free to be Online?

како сторители на ОНВЖ се јавуваат жени, во значителен број случаи тие вршат насилство врз други жени.

Освен анонимноста, специфика на сторителите на некои видови на ОНВЖ е и „менталитетот на толпа“. Така, некои видови онлајн насилство се извршуваат од неколку сторители истовремено, како „напади од толпа“, онлајн малтретирање (bullying) или сексуално вознемирување од страна на целата заедница. Неконсензуалното споделување фотографии е потпомогнато од десетици, стотици или илјадници луѓе. „Менталитетот на толпата“ е однесување типично за социјалните медиуми бидејќи сторителите се скриени зад анонимни профили, се чувствуваат недопирливи и поддржани од заедницата или, кога напаѓаат под сопственото вистинско име, не прават разлика помеѓу лицето кое го напаѓаат онлајн и вистинското лице. Алгоритмите на социјални медиуми, кои се дизајнирани да фаворизираат ангажирање на корисниците и раст, го овозможуваат формирањете на толпи. И покрај напорите да се идентификуваат насилниот вокабулар и визуелни содржини, алгоритмите им даваат поголема видливост, со што се овозможува популаризација. Покрај тоа, нивното споделување меѓу различните мизогини групи може да се олесни со користење хаштагови.

Во поглед на **жртвите** на ОНВЖД, според истражувањето на Plan International од 2020 година „Free to be Online?“, во сите 22 земји кои учествуваа, 58 % од девојчињата пријавиле дека лично доживеале некои форма на онлајн вознемирување на платформите на социјалните медиуми. Има само мали регионални разлики: во Европа 63 % од девојчињата пријавиле малтретирање, а потоа 60 % од девојчињата во Латинска Америка, 58 % во Азиско-пацифичкиот регион, 54 % во Африка и 52 % во Северна Америка. Повеќето девојки го пријавуваат своето прво вознемирувачко искуство со социјалните мрежи на возраст од 14-16 години. Постепено, девојчињата научуваат да се заштитат подобро. Дури и кога девојките директно не се соочиле со родовобазирано насилство на интернет, мнозинството од интервјуираните изјавиле дека познаваат други девојки или млади жени кои имале вакви искуства. Насилниците ги гледаат помладите девојчиња како поранливи. Поверојатно е младите жени, за разлика од адолесцентните девојки, да пријават чести или многу чести вознемирувања, и покрај фактот што адолесцентните девојки почесто користат социјални мрежи. Веројатноста е дека адолесцентните девојки се помалку свесни, односно потешко го препознаваат онлајн насилството од повозрасните жени. Свеста за онлајн вознемирувањето се зголемува со возраста: само 36% од 15-годишничките велат дека слушнале многу за онлајн злоставувањето во споредба со 43% од 24-годишничките. Искуствата на девојките кои искусиле онлајн насилство не се детерминирани само од сексизмот и припадноста на женскиот род. Расизмот е исто така двигател на онлајн вознемирување, како што е идентификација како ЛГБТИК+ или попреченоста. Ако нивниот изглед, сексуалноста, етничката припадност, расата или попреченоста ги обележуваат, при вршењето на онлајн насилство, на девојките и младите жени се цели уште понемилосрдно.

Онлајн насилството особено ги погодува жените кои се активни на интернет, како што се новинарките, политичарките и ативистките.

Од аспект на **односите помеѓу сторителителите и жртвите**, една британска студија од 2011 година покажа дека повеќе од половина (54%) од испитаничките првпат го сретнале ојнлајн сторителот во реалниот живот. Сепак, со се пофреквентното користење на интернетот од страна на жените и девојчињата во услови на КОВИД пандемија и карантини, нештата се променија, па се чини дека жените почесто се злоупотребувани од непознати лица. Истражувањето[13] објавено за време на пандемијата покажа дека 84% од испитаничките доживеале онлајн насилство од странец, 16 од познаници, 10% од актуелни или поранешни партнери, а 9% од колега или претпоставен на работа.

## НАЈЧЕСТИ МЕСТА И ОБЛИЦИ НА ИЗВРШУВАЊЕ

**ОНВЖД се случува на различни сајбер простори**, вклучително и платформи на социјални медиуми, апликации за пораки и на форуми за дискусија. Бидејќи дигиталната средина постојано се развива, очекувано е новите технологии да доведат до нови и разновидни манифестации на насилство. На пример, Метаверс се појавува како нов простор за извршување на виртуелно силување и други форми на ОНВЖД.

Кај социјалните платформи доминираат Facebook, Instagram, Whatsapp, Snapchat, Twitter, TikTok. Платформи на кои испитаниците доживеале насилство[14]:

**N=14.071 Жени на возраст од 15 до 25 години**




---

[13] Plan International, (2020) Free to be Online?

[14] Idem

Листата на приватни (СМС, WhatsApp, Messenger, Viber, e-mail) или јавни платформи и канали, на кои се врши ОНВЖД во никој случај не е исцрпена и секоја земја има различна статистика во зависност од дигиталните навики на корисниците. Често пати, ОНВЖД се случува истовремено на повеќе платформи и со користење на различни алатки. Жртвата може да биде злоставувана на сите социјални мрежи на кои има сметка и на нивните сервиси запраќање пораки, но и преку преку е-пошта, по телефон, а потоа и офлајн, со вистински напад дома, на работа или на улица.

Како што не постои хармонизирана, ниту единствена дефиниција на ОНВЖД, така не постои ниту единствена поделба по видови на онлајн насилство врз жените и девојките и според очекуваниот технолошкиот развој, се појавуваат нови форми и облици. За потребите на овој прирачник, ќе претставиме поделба по форми на онлајн насилство врз жени и девојки, како што се користи од страна на Европскиот институт за родова еднаквост[15], со додавање на неколку видови кои ги сметаме за важни[16]:

**Сајбер (онлајн) демнење**

Сајбер демнењето против жени и девојки вклучува намерни повторувачки дејствија врз жени и девојки поради нивниот род, или поради комбинација на род и други фактори (на пр. раса, возраст, попреченост, сексуалност, професија или верувања).
Се врши со употреба на ИКТ средства, со цел вознемирување, заплашување, прогонување, шпионирање или воспоставување несакана комуникација или контакт, вклучување во штетно однесување што ја прави жртвата да се чувствува загрозено, вознемирено или небезбедно на кој било начин. Треба посебно да се има предвид дека личните информации собрани од сторителот преку сајбер демнењето може да доведат до понатамошни насилни дејства и онлајн и офлајн. Има студии кои ги истакнуваат врските помеѓу физичкото (офлајн) и сајбер демнењето: студија во Обединетото Кралство покажа дека повеќе од половина (54 %) од случаите на сајбер демнење вклучуваа прва средба во физичкиот свет. Исто така, 7 од 10 жени кои доживеале сајбер демнење, исто така, доживеале барем една форма на физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер, имајќи предвид дека сајбер демнењето е клучна тактика на присилна контрола што се користи при насилство од интимни партнери.

---

[15] Достапно на https://eige.europa.eu/sites/default/files/cyber_violence_against_women_and_girls_key_terms_and_concepts.pdf

[16] Прилагодени според Извештајот на Истражувачката служба на Европскиот парламент Combating gender-based violence: Cyber violence (страна 50 и 51)

Негативното влијание на сајбер демнењето врз благосостојбата на жртвите изгледа слично како и при офлајн демнењето. Жртвите пријавиле зголемени самоубиствена идеја, страв, гнев, депресија и симптомологија на посттрауматско стресно нарушување.

**Сајбер (онлајн) вознемирување**

Сајбер вознемирувањето врз жените и девојчињата вклучува едно или повеќе дела против жртвите поради нивниот род или поради комбинација на род и други фактори (на пр. раса, возраст, попреченост, професија, лични верувања или сексуална ориентација). Се врши преку употреба на ИКТ средства за да се предизвика вознемирување, наметнување или пресретнување на комуникацијата, со цел или со ефект на создавање застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина за жртвата.
Според истражување на Агенцијата за фундаментални права (FRA) од 2019 година, 13% од жените низ ЕУ, Обединетото кралство и Северна Македонија доживеале сајбер вознемирување за време на претходните 5 години. Жртвите се почесто помладите испитанички (20 % од младите жени на возраст од 18 до 29 години), членови на LGBTIQ+ заедницата и лицата со попреченост.

77% од жените кои имаат доживеано сајбер вознемирување, исто така, доживеале барем една форма на сексуално и/или физичко насилство извршено од интимен партнер. 41% од испитаните жени кои доживеале сајбер вознемирување сметале дека нивната физичка безбедност е загрозена.

Една од две жени имаат доживеано намалена самодоверба или губење на самодовербата, стрес, анксиозност или напади на паника поради сајбер вознемирувањето.

**Сајбер силеџиство (cyberbulling) врз девојчињата** значи каква било форма на притисок, агресија, вознемирување, уцена, навреда, омаловажување, клевета, идентитетска кражба или недозволено стекнување, обработка или споделување на лични податоци, извршени на повторувачки начин со користење на ИКТ средства, врз основа на род или комбинација од род и други фактори (на пр. раса, попреченост или сексуална ориентација), чија цел е да се изолираат, нападнат или исмеваат малолетни лица или група малолетници.

Постои силна врска помеѓу сајбер малтретирањето и офлајн малтретирањето: повеќето студенти кои се жртви на сајбер малтретирање прво биле малтретирани во училиште, а голем процент од жртвите на малтретирање биле малтретирани и онлајн и офлајн, често од исто(и) сторител(и).
Според достапните податоци и истражувања на ново на ОБСЕ, адолесцентните девојки имаат поголема веројатност споредено со момчињата (50,9% наспроти 37,8%) да искусат сајбер малтретирање во текот на живот.

Исто така, постојат јасни врски помеѓу сајбер малтретирање и проблеми со менталното здравје.

**Онлајн родово базиран говор на омраза**

Родово базираниот онлајн говор на омраза се дефинира како содржина, објавена и споделена преку ИКТ, која што содржи омраза кон жените и девојчињата и/или шири, поттикнува, промовира или оправдува омраза поради нивниот род или поради комбинација на род и други фактори (на пр. раса, возраст, попреченост, сексуалност, етничка припадност, националност, религија или професија).

Исто така, може да вклучува објавување и споделување, преку ИКТ средства, насилни содржини кои се состојат од прикажување на жените и девојките како сексуални предмети или цели на насилство. Оваа содржина може да се испрати приватно или јавно и често е насочена кон жени кои се јавно активни и имаат улоги во јавниот живот.

Жртвите може да одлучат да објавуваат поретко, да го ублажат јазикот за да ја ублажат провокацијата или дури и да ги деактивираат нивните сметки. Самоцензурата има „замолчувачки ефект“ и резултира жените и девојките да избегнуваат отворено учество во дебати и значајни размени на интернет.

Бидејќи жртви се често истакнати женски фигури, како што се политичарки, новинаркки или спортистки, онлајн родово базираниот говор на омраза директно влијае на присуството и активностите на потенцијалните модели за девојчиња кои можеби сакаат да продолжат со кариера во традиционално доминираните машки индустрии.
ИКТ средствата можат да придонесат онлајн родово базираните форми на говор на омраза да бидат поштетни, бидејќи е значително потешко трајно да се отстранат навредливите или поттикнувачките содржини од Интернет, што често резултира со повторна виктимизација.

**Неконсензуална злоупотреба на интимни слики**

Неконсензуална злоупотреба на интимни слики на жени и девојки вклучува дистрибуција преку ИКТ средства или закана од дистрибуција преку ИКТ средства на интимни, приватни и/или манипулирани слики или видеа на жена или девојка без нивна согласност. Сликите или видеата може да се добијат неконсензуално, да се манипулираат неконсензуално или да се добијат со согласност, но да се дистрибуираат без согласност. Вообичаени мотивации вклучуваат сексуализирање на жртвата, нанесување штета на жртвата или негативно влијание врз животот на жртвата. Неконсензуална злоупотреба на интимни слики е тесно поврзана со насилството од интимниот партнер. Сторителот може да биде поранешен партнер кој има за цел јавно да посрамоти и понижувајте ја жртвата, честопати како одмазда за прекин на врската. Поради оваа причина, често се користи

терминот „одмазднички порно". Сепак, овој термин е неточен и создава лажен впечаток околу околностите на делото. Можеби сторителите бараат секс задоволство или сакаат жртвата да направи нешто за нив, користејќи слики како форма социјална или економска уцена. Кога жртвата е малолетна, тоа се смета за детска порнографија.

Ширењето на таквите слики може да ги уништи можностите за образование и вработување на жртвите, како и нивните интимни односи. На жртви често им се заканува сексуален напад, демнење, малтретирање, отпуштање од работа и принудени се да го менуваат училиштето. Има случаи кога жртвите извршуваат самоубиство.

**Тролање**

Овој вид на ОНВЖД се однесува на злонамерни дејства на интернет, кои вклучуваат испраќање или доставување на провокативна е-пошта или објави на социјалните медиуми, вклучувајќи смртни и закани за силување, објавување на содржини надвор од темата во големи количини, како и поттикнувачки или збунувачки пораки. Вообичаено, сторителите се анонимни.

Слично на тролањето, исто така и родово базираното тролање се стреми да поттикне спорење и да негува следбеници, поттикнувајќи лути или вознемирувачки одговори од страна на таргетираната цел.

**Флејминг (Flaming)**

Флејминг или „потпалување" опфаќа поставување или споделување на остра содржина, означена со експлицитен јазик и мизогинија, како и намерна употреба на нервозни, емоционално наелектризирани или контрадикторни изјава за извлекување одговор од друг онлајн корисник.

**Cyber flashing (Сајбер трепкање)**

Испраќање несакани сексуални слики користејќи апликации за состаноци, апликации за пораки или текстови или со помош на Airdrop или Bluetooth.
Сајбер трепкањето е форма на злоупотреба на неконсензуална интимна слика.

**Deepfake**

Манипулирани или синтетички аудио или визуелни производи кои изгледаат автентични и во кои се прикажани луѓе кои се чини дека кажуваат или прават нешто што никогаш не го кажале или направиле, произведено со помош на техники на вештачка интелигенција.

Повеќето фејкови на жени и девојки прикажуваат интимни слики или сексуални активности и се споделуваат на платформи и веб-страници за забава за возрасни, без согласност за нивно создавање и објавување.

Deepfake е форма на неконсензуална злоупотреба на интимна слика.

**Дигитален воајеризам**

Дигитален воајеризам е сеопфатен термин за различни форми на неконсензуална злоупотреба на интимни слики. Ова се однесува на прикриено и неконсензуално снимање на деколтето, бутовите или гениталии (види Downblousing, Upskirting) на јавни или приватни места. Овие фотографии се познати и како creepshots.

Дигиталниот воајеризам може да се однесува и на сторителите кои испраќаат несакани сексуални слики (често нивни лични делови), како сајбер трепкање (cyber flashing) .

**Downblousing**

Тајно и без согласност снимање на деколте на жена, без таа да знае, на јавни или приватни места. Сликите или видеата обично се објавуваат, тргуваат и разменуваат на интернет без знаење на жртвата.

Даунблузингот е форма на неконсензуална злоупотреба на интимна слика.

**Upskirting**

Тајно и неконсензуално снимање на бутовите или интимните делови на жена, без нејзино знаење, на јавни или приватни места. Материјалот обично се објавува, тргува и се разменува на интернет без знаење на жртвата.

Апскиртингот е форма на неконсензуална злоупотреба на интимна слика.

**Доксинг (doxing)**

Истражување, манипулирање и објавување приватни и чуствителни информации за поединец (домашна адреса, фотографии, имиња и имиња на членовите на семејството), без нивна согласност, со цел да ја разоткрие и посрамоти жртвата.

Бидејќи информациите обично им овозможуваат на жртвите физички да бидат лоцирани, доксирањето може да биде и претходник за насилство во физичкиот свет. Доксирањето често се врши во контекст на насилство од интимен партнер.

**Swatting**

Се врши со измама на итните служби (пример полиција, специјални полициски единици), со користење на телефони и компјутерски системи, со цел врз основа на лажна пријава, да се испрати полиција на одредена локација.

Тоа може да биде застрашувачко и опасно за жртвите, бидејќи некои луѓе се убиени со одговор на специјалните сили или претрпеле физички повреди, како што се рани од куршум или срцев удар.

**Сексуална изнуда**

Чин на закана за објавување сексуална содржина (слики, видеа, дипфејкови, сексуални гласини) со цел да се присили или уцени некој за да даде повеќе сексуална содржина или за пари, понекогаш и двете. Вклучува активности кои вклучуваат манипулација или принуда за извршување сексуални активности во корист на насилникот и/или сексуално експлицитно снимање слики/видеа кои жртвата е принудена да му ги испрати на насилникот. Вообичаено е присилата што се користи да вклучува закана од наштетување на семејството или на пријателите на жртвата - доколку не ги преземе бараните сексуални активности.

Сторителот може да биде поранешен партнер кој добил слики или видеа за време на претходна врска и има за цел јавно да ја срамоти, да ја и понижува жртвата, честопати како одмазда за прекин на врската.

**Сексуална покана**

Примање несакани барања да се зборува за секс или да се направи нешто сексуално во различни онлајн контексти, како испраќање сексуално експлицитни слики или вклучување во сексуални интеракции со посредство на технологија.

Тоа може да доведе до примање навредливи коментари, малтретирање и закани, особено ако жртвата на некој начин ги одбила барањата.

**Погрдно срамотење (Slut-shaming)**

Стигматизирање жени и девојки врз основа на нивниот изглед, сексуална достапност и вистинско или перципирано, замислено сексуално однесување. Додека срамотењето ги таргетира жртвите од сите возрасти, адолесцентните девојки се чини дека се особено погодени.

Ова е долгогодишна форма на родово базирано насилство што се засилува во сајберсферата: јо овековечува регулиацијата на женската сексуалност и ја ограничува нивната слобода на говор на интернет.

**Интернет негување/одгледување (Internet grooming)**

Кога некој ќе стане пријател со дете или помладо лице на интернет, честопати и со лажно претставување, градејќи доверба со намера сексуална или друга експлоатација и психичка и/или физичка злоупотреба.

**Секстинг**

Кога некој споделува сексуално експлицитна содржина на интернет преку приватни канали и пораки, што може да вклучува испраќање на сексуално експлицитни фотографии, видеа и/или пораки.

Иако често се работи за доброволно испраќање од двете страни кои се на слична возраст, ова може да ескалира во онлајн сексуална злоупотреба или експлоатација, на пример: кога постаро или лице на моќна позиција принудува да се испрати таква содржина.

**Виртуелно силување**

Ситуација кога аватарот на една личност (или дигиталната претстава за себе) е подложен на симулирано сексуално насилство од други аватари, неодамна во тридимензионални виртуелни светови како Метаверс.

**Зумбомбардирање (Zoombombing)**

Ја опишува практиката на попречување или инфилтрирање на видео-конференциски повик и прикажување расни или сексуално експлицитеn материјал за неочекуваните учесници.

## ПРИЧИНИ ЗА ON LINE НАСИЛСТВО

Иако актите на насилство може да се извршат онлајн, мотивацијата за овие дела е вкоренета во офлајн реалноста, во емоционалните, психолошките, културните и идеолошките двигатели зад однесувањето на сторителот. Исто така, иако актите на насилство може да се извршат на интернет, влијанието на овие дела го чувствуваат жртвите офлајн, во реалниот свет, каде што доживуваат физичка, психолошка, социјална и економска штета.

Повикувајќи се на норвешкиот социолог Јохан Галтунг, една статија[17] како појдовна точка го позајмува „триаголникот на насилство“ како обединета рамка на директно, структурно и културно насилство. Директното насилство е лично, генерирано од актер и насилство со субјект; структурното насилство е насилство без субјект, својствено за структурата на општеството и политичката доминација на една општествена група над другите; а културното насилство е оној аспект на културата што може да се користи за легитимирање на насилството во неговата директна или структурна форма. Според Галтунг, мирот може да се постигне само со промени на сите три агли во исто време, бидејќи основната промена во едниот автоматски нема да доведе до промени во другите два. Директното насилство е слично на врвот на ледениот брег, видливо и лесно е се идентификува и да се бори против истото. Всушност, огромната формација на структурно и културно насилство е скриена под површината на ледениот браг иводата. Затоа, потребен

---

[17] Достапно на https://genderit.org/articles/breaking-online-gender-based-violence#ref1

е холистички пристап кој би се фокусирал на трансформирање на личното, структурното и културното, и оди подалеку од концепцијата на поединечни зли дела.

Мора да се забележи додека Галтунг го признава патријархатот како една форма на структурно насилство, но засега триаголникот на насилство нуди прелиминарна рамка каде што онлајн НВЖД може да се види во поширок контекст на културно насилство и процес на политичка доминација. Имено, оваа форма на насилство не може да се отфрли како маргинална или случајна, туку на неа треба да се гледа како на динамичен образец или дел од културно кодиран процес на општествена и политичка контрола на моќта и застапништвото на жените, на она што се перципира како природно и неутрално. Родово базираното насилство се одржува и репродуцира низ простори, институции и дискурси. Тоа е во интеракција и се испреплетува со слоеви на моќ и културни аспекти околу возраста, родовото изразување, расата, сексуалната ориентација, религијата, способноста, локацијата итн, што не враќа на тезата на Галтунгдека „триаголното насилство потоа треба да се спротивстави на триаголен синдром на мир, во кој културниот мир раѓа структурен мир, со симбиотски, правични односи меѓу различните партнери и директен мир со дела на соработка, пријателство и љубов."

Според некои истражувања[18], онлајн сексуалното вознемирување произлегува од сложената комбинација на општествени, врснички, релациски и развојни фактори, кои се посредувани и олеснети од дигиталната технологија. Сексуалното вознемирување преку Интернет се одвива во општествен контекст, каде што не се предизвикува културата на сексуализација, мизогинијата и хомофобијата. Други вкрстувачки фактори, вклучувајќи расна, етничка припадност, попреченост, сексуалност или сексуален идентитет често создаваат дополнителна маргинализација на младите кои доживуваат сексуално вознемирување на интернет. Вредностите на врсничката групата, исто така, може да ги обликува ставовите и очекувањата на младите од врските, вклучително и нормализирање на потенцијално штетни однесувања. Исто така, иако на истата возраст кога се случуваат првите интимни партнерства и сексуални интеракции се учат и концептите на согласност, почит и доверба, истите потоа можат да бидат и прекршени, посебно во текот на развојот, под дејство на зголемена осетливост на врснички притисок и недостаток на разбирања за штетите од насилното однесување, онлајн и офлајн.

Сепак, централниот образец на насилство е контролата: насилството во физичкиот простор продолжува во континуитет во дигиталниот простор, преку следење на онлајн активностите.

[18] Report on Cyber VAWG and CYBERSAFE, достапно на https://www.stoponlineviolence.eu/wp-content/uploads/2020/06/Cybersafe_Report_200623_web.pdf

Според некои истражувања, желбата за контрола е главниот мотив за злоупотреба кај поранешните и сегашни партнери. Жените кои се жртви на офлајн насилство имаат три пати поголема веројатност да бидат и онлајн демнати од мажи, што не е случај кај мажите, кај кои е идентификуван тренд според кој мажите непланирано, ад хок се среќаваат со насилници на интернет, поради искажаните ставови.

Истражувањето на Plan International покажа дека има две доминантни причини за онлајн насилство врз девојки. Прво, девојчињата се малтретирани само затоа што се девојчиња и не е важно што зборуваат и како се однесуваат кога се онлајн. Второ, девојките се малтретирани затоа што се „гласни“ на интернет. Се напаѓаат активистки, новинарки, политичарки поради своите ставови, гледишта и позиции и/или поради тоа што зборуваат против злоупотребите и против насилниците.

Покрај желбата за контрола, што предизвикува многу мажи да мислат дека имаат право да доминираат и поради тоа да ги дехуманизираат жените, посебно во некои потешки форми и случаи на злоупотреба нарцисоидно растројство кај сторителот доведува до недостаток на емпатија и до потреба за внимание и восхит. Обвинувањата на жртвата дека самата го барала насилството или дека го охрабрувала, на сторителот му служи како оправдување за сопственото насилничко однесување.

Сепак, недостасуваат податоци за тоа што ги мотивира момчињата и мажите да вршат онлајн насилство врз жените и девојките. Според една неодамнешна студија[19] на обрасците на злоупотреба на Блискиот Исток и Северна Африка, причините би можеле да се бараат во подлабоки социо-економски обрасци, како што се високата невработеност, политичка нестабилност и притисок врз мажите (особено во руралните и неразвиените делови) да им ги обезбедат секојдневни потреби на своите семејства. Истражувачите веруваат дека тенденцијата да ја реафирмираат сопствената моќ, посебно економската, може да биде една од причините да вршат насилство врз жените и со тоа да ги „стават на свое место“. Многу млади мажи во такви средини не можат да најдат работа, ниту можат да си дозволат да стапат во брак, да основаат семејство, па продолжуваат да живеат со своите родители, не знаејќи што да прават со себе и се наоѓаат во „суспендирана состојба на адолесценција“. Истражувачите веруваат дека насилството врз жените е нивниот начин да добијат некаква возбуда или да се забавуваат, како што изјавиле до 90% мажите на прашањето зошто сексуално вознемирувале жени на јавни места.

Може да се претпостави дека овие аспекти на мотивациите за насилство врз жени постојат и во онлајн светот и дека ќе бидат потребни нови истражувања и студии кои

[19] Understanding Masculinities: Results from the International Men And Gender Equality Survey (Images) – Middle East And North Africa https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2017/5/understandingmasculinities-results-from-the-images-in-the-middle-east-and-north-africa

подлабоко ќе ги анализираат мотивите на насилниците, за да може ефикасно да се одговори на онлајб НВЖД.

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ON LINE НАСИЛСТВО

И покрај тоа што често се доживуваат како помалку сериозни и помалку штетна форма на родово базирано насилство, ОНВЖД може да има сериозни, разновидни и комплексни последици по здравјето и животот на жените и девојките, како и офлајн насилството. Јавната, распространета, повторувачка и постојана природа на ОНВЖД, како и континуитетот на офлајн-онлајн насилството, предизвикува постојано страв и несигурност кај жртвите, што се надополнува со недостаток на специјализирани и достапни услуги во одговор на насилството и со погрешната перцепција што преовладува, дека ОНВЖД не е „вистинско“ насилство.

Последиците од ОНЖД може да се прелеат во реалниот живот и може да вклучуваат:
- страв за сопствената безбедност во случај на организирано вознемирување;
- изолација како резултат на следење на жените преку апликации и уреди дома и на работа;
- отсуство на безбеден простор за жртвата поради брзината на неконтролирано ширење на личните податоци и немање заштита и поради случаи на пренос во живо на насилство и злоупотреба.

Примарните последици од онлајн НВЖД се проблеми со концентрацијата, стрес, напади на паника и анксиозност, намалена самодоверба, повлекување од Интернет и несигурност во електронската комуникација. При сајбер демнење, жртвите покажуваат зголемена анксиозност и симптоми на посттрауматско стресно растројство, депресија, чувство на беспомошност, песимистичко гледање на иднината и недостаток самодоверба во можноста за контрола на сопствениот живот.

Истражувањето на Plan International[20] ги идентификува следните негативни ефекти кои девојките и младите жени ги искусиле од ОНВЖД: 42% искусиле пониска самопочит и губење на самодовербата; 42% или исто толку искусиле ментален и емоционален стрес; 24% чуствувале дека не се физички безбедни; 19% искусиле проблеми со пријателите и семејството, 18% проблеми во училиштето, додека 7% имале проблеми во наоѓање и задржување на работата.

Голем број студии за онлајн насилството укажуваат на различни и комплексни, но значајни последици што тоа ги остава врз жените. Ќе наведеме неколку:

[20] Plan International, (2020) Free to be Online?

- Ефект на замолчување: 76% од жените кои го доживеале, го промениле однесувањето на социјалните мрежи, а 51% не сакаат учествува во дискусии. Покрај тоа, тие не сакаат да креираат содржина: тоа го доживеале 70% од новинарките кои искусиле онлајн насилството.
- Обвинување, односно секундарна виктимизација: истражувањето на Plan International ги евидентира искуствата на интервјуираните девојки, кои имале чувство на вина дека тие, некако, се одговорни што им се случило онлајн вознемирувањето или дека нивните семејства ќе ги обвинат нив за тоа.
- Значителни економски последици: работната продуктивност на жртвите се намалува, им се зголемува отсуството и ризикот од губење на работа, а со тоа и невработеноста. Можно е да се очекува намалени заработувачка и даночни приходи, што повлекува и други негативни макроекономски последици, ставајќи го целото општество во загуба поради „замолчувањето“ на жените на јавниот онлајн простор. Според проценката во извештајот на Европскиот парламент од 2021 година[21], вкупната цената на чинење на ОНВЖД на ниво на ЕУ е помеѓу 49 и 89,3 милијарди евра. Повеќе од половина од тој трошок е поврзан со монетизираната вредност на губењето на квалитетот на животот, додека третина од загубите се поврзани со работата, најмногу поради намалено учество на пазарот на трудот.
- Значителни социјални последици: квалитетот на нивниот живот се намалува, се повлекуваат од социјалните мрежи и им се намалуваат можностите и просторот за социјално вмрежување. Нивното учество во јавните дебати и во демократската арена се редуцира, а растат трошоците за нивна правна и здравствена заштита. Постојат безброј други индиректни последици, вклучувајќи ги семејните односи и последиците за нивните деца.

## ПРАВНА РАМКА И СИСТЕМ НА ЗАШТИТА

### УСТАВ И МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ

Општо земено, не постои единствена, хармонизирана дефиниција за онлајн насилство, а не постојат ниту унифицирани дефиниции за поединечните форми на онлајн насилство.

За потребите на овој прирачник онлајн насилството врз жените и девојките го дефинираме како секој акт на насилство врз жените, базирано на род, кој е извршен, олеснет или влошен со делумно или целосно користење на интернет-комуникациските технологии (ИКТ), како на пример мобилни и паметни телефони, интернет, платформи на социјални медиуми или преку е-пошта, против жена затоа што е жена, или кое непропорционално ги погодува жените.

Концептот на онлајн НВЖД е поврзан и со различни манифестации и форми, за кои, освен што нема унифицирани поединечни дефиниции, постојат различни термини, кои не се совпаѓаат со

[21] European Parliamentary Research Service (2021) Combating gender-based violence: Cyber violence

имињата на кривичнте или прекршочни дела во националното законодавство. Колоквијланите термини како што се хакирање, имитирање, кражба на идентитет (незаконски или неовластен пристап до компјутерски системи), одмаздничка порнографија (закана за објавување и/или објавување на снимки со сексуално експлицитни содржини), доксинг, сајбер демнење, говор на омраза (јавно поттикнување насилство и омраза) и сл. терминолошки не се во согласност со термините содржани во Кривичниот законик, а за некои форми нема ниту соодветна инкриминација, што секако не значи дека дејствијата, што со овие термини се опишуваат, не се кривични дела и дека како такви не се предмет на кривичен прогон и санкционирање. Имено, она што е незаконито офлајн, во физичкиот свет, исто така треба да биде незаконито и онлајн, во дигиталната сфера. Иако виртуелен по природа, Интернетот е простор во кој треба да има исти стандарди за заштита на основните човекови права, во кој не смее да биде дозволено нешто што е незаконско во реалниот свет.

Основната правна рамка поврзана со заштитата на жртвите на насилство ќе биде претставена хиерархиски, според обврзувачката сила што ја имаат поединечните документи во Република Северна Македонија.

Уставот на Република Северна Македонија, е донесен како највисок хиерархиски правен акт во Републиката, кој има за цел да ги гарантира човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност, како и да обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот. Во член 8 како прва темелна вредност на уставниот поредок се наведени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Во главата што ги регулира основните слободи и права на човекот и граѓанинот, во делот 1. Граѓански и политички слободи и права, како неприкосновени и гарантирани се низа човекови вредности, слободи и права кои произлегуваат од и ја преклопуваат и областа на родовата рамноправност и еднаквост. Така, како неприкосновени вредности Уставот ги определува животот, физичкиот, моралниот интегритет и слободата на човекот, забранувајќи го секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување. Уставот ги гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата; слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање; слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Исто така, се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци, а на граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците. На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот. Како дел економските, социјални и културни права Уставот определува дека Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, а правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон. Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица. Во дел 3. Гаранции на основните слободи и права определено е дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите, како и тоа дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Граѓанинот има

право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Најважниот и најчесто применуван меѓународен документ е Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права и основни слободи (Европска конвенција) со Протоколите за Конвенција. Важноста на Конвенцијата лежи, меѓу другото, во тоа што со нејзините одредби се основа Европскиот суд за човекови права во Стразбур, кој е надлежен да одлучува во случаи на повреда на правата на граѓаните на Република Северна Македонија. Судот има надлежност да одлучува за повреда на правото на ефективна истрага, а неговата надлежност постои, меѓу другото, во случаи кога жртвите на насилство не добиле соодветна заштита, без дали се работи за бавност, нетранспарентност или независноста на истрагата, несоодветно казнување на сторителите на кривични дела и непочитување на принципот на должно внимание. Одредбите на Конвенцијата претставуваат составен дел на правниот поредок на Република Северна Македонија.

Освен што Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права и основни слободи е извор на правото што се применува во Република Северна Македонија, тоа се и пресудите на Европскиот суд за човекови права, кои се обврзувачки за постапувањето на домашните органи. Некои од случаите на Европскиот суд за човекови права кои се поврзани со онлајн насилството се содржани во пресудите на Володин против Русија (бр. 2), септември 2021 година, Бутуруга против Романија, февруари 2020 година и Хадија Исмајилова против Азербејџан, јануари 2019 година.

Неуспехот на домашните власти да се усогласат со стандардите наведени во пресудите на Европскиот суд за човекови права, може да доведе до повреда на Конвенцијата и следствено на одговорност на Северна Македонија за штета на жртвите, причинета со повреди на стандардите. Заедничко за сите случаи на Европскиот суд за човекови права со онлајн димензија на насилството врз жени и девојки  е дека се до сега сите форми на онлајн насилство врз жените се разгледувани од аспект на член 8 од Конвенцијата, кој гарантира заштита на приватниот живот на поединецот. Извршување на позитивни обврски на државата во случаите на онлајн насилство, кои се во согласност Членот 8 од Конвенцијата, не се разликува од позитивните обврски што државата ги има за останатите облици на офлајн насилство, а истите првенствено се однесуваат на воспоставувањето на соодветна правна рамка и спроведување на ефективна истрага и судска постапка, како и соодветно казнување ако е сторено кривично дело.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилството (позната како Истанбулска конвенција), е неодамнешен документ на Советот на Европа и е еден вид на продолжување на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи. Република Северна Македонија ја потпиша Истанбулската конвенција на 8 јули 2011, а ја ратификува со депонирање на инструментот за ратификација на 23 март 2018 година. Конвенцијата стапи на сила на 1 јули 2018 година. Одредбите на Конвенцијата произлегуваат од фактот дека жените се изложени на поголем ризик од родово базирано насилство, а од фундаментално значење е да се заштитат жените од сите форми на насилство и да се спречи, гони и елиминира насилството врз жените. Целта на Истанбулската конвенција е да се бори против сите форми на насилство и дискриминација, промоција на целосна еднаквост меѓу жените и мажите,

развој на сеопфатни рамки, политики и мерки за заштита и помош на жртвите на сите форми на насилство, како и обезбедување поддршка и помош на организации и институции во воспоставувањето ефикасна соработка и усвојување на сеопфатен пристап во борбата против насилството врз жените и семејното насилство.

Според Истанбулската конвенција, насилство врз жените се смета за кршење на човековите права и форма на дискриминација на жените и ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот. Конвенцијата бара активно вклучување на државните органи во сузбивањето на насилство врз жените и заради почитување на позитивните обврски преземени со Конвенцијата предвидува дека државите потписнички треба да ги преземаат потребните законодавни и други мерки за да би спречиле, истражувале, казнувале и обезбедувале репарации за насилни дејствија опфатени со Конвенцијата, извршени од приватни лица. Иако „онлајн насилството“ врз жените не е споменато експлицитно во Конвенцијата под такво име, неспорно претставува една од формите насилство на кое се однесува Конвенцијата. Механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата од страните е GREVIO Групата експерти за акција против насилство врз жените и домашно насилство.

Во контекст на заштитата на жените од насилство важен документ е и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на насилство форми на дискриминација на жените – CEDAW. Таа претставува меѓународен договор усвоен во 1979 година од Генералното собрание на ООН, кон кој се приклучени 189 земји потписнички. Дефинира што претставува дискриминација на жените и утврдува агенда за национално дејствување за да се стави крај на дискриминацијата. Северна Македонија и пристапи на CEDAW на 18 јануари 1994. CEDAW Комитетот што врши надзор врз спроведувањето на конвенцијата игра важна улога во борбата против насилство врз жените, особено преку своите препораки, за прашања што ги засегаат жените за кои Комитетот верува дека земјите потписнички треба да посветат внимание. Во 1992 Комитетот ја усвои Општата препорака број 19 во врска со насилството врз жените – државите во своите периодични извештаи да вклучат статистички податоци за НВЖ, бројот на случаи, обезбедени услуги, законодавни и други мерки за заштита на жените од насилство, вклучително и на работното место, семејно и сексуално насилство. Општата препорака број 35 е надоградба на ОП 19. Релевантни се и ОП 28 за клучните обврски на потписничките и ОП 33 за пристапот на жените до правда.

Директивата на ЕУ 2012/29/ЕУ за утврдување на минимумот стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал има за цел да обрзбеди жртвите на криминал да добијат соодветни информации, поддршка и заштита и да можат да учествуваат во кривични постапки во ЕУ. Во став 17 од преамбулата на оваа директива е содржана дефиниција на родово базираното насилство, и дополнително како форма на дискриминација на жените и повреда на основните слободи на жртвата. Од земјите членики на ЕУ се бараше да ги вградат одредбите од директивата во националните закони најдоцна до 16.11.2015. Директивата предвидува дека жртвите на кривични дела треба да бидат препознаени и соодветно да се третираат, постапувајќи со почит кон нив, на чувствителен и професионален начин, без каква било дискриминација. Исто така, надлежните органи кои дејствуваат во рамките на кривичната постапка и сите служби кои

доаѓаат во контакт со жртвите, како што се услугите за поддршка или репарација на жртвите, при контактите со жртвите треба да ја земат предвид личната ситуација и непосредните потреби на жртвите на кривични дела, притоа целосно почитувајќи ја нивната физичка, ментална и морална неповредливост. Директивата предвидува дека жртвите на кривични дела мора да се заштитат од секундарна виктимизација, од заплашување и одмазда и да им се обезбеди соодветна поддршка за да го олесни нивното закрепнување и пристапот до правдата.

Треба да се нагласи дека сите услуги во системот на заштита, кои доаѓаат во контакт со жртвите на онлајн насилство, мора да ги заштитат правата на жените во согласност со основните принципи, цели и одредбите од горенаведените документи, дури и во случај кога поединечна одредба не е имплементирани во домашното законодавство.

**ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА**

Релевантната домашна правна рамка за заштита од онлајн насилството врз жените и девојките може да се најде во областа на кривичното и граѓанското законодавство, како и во во областа на правото на заштита на личните податоци и основните човекови права и слободи. Кривичната и граѓанската правна рамка се двата основни механизми за заштита на жртвите. Меѓутоа, граѓанското право има ограничени механизми за заштита на жртвите на онлајн НВЖД, кои во граѓанска постапка можат да остварат право на надомест на штета и за чија заштита граѓанскиот суд може на сторителот да му оредели привремени мерки за заштита од родово базирано и/или семејно насилство .

Она што ги разликува овие случаи на онлајн НВЖД од случаите на офлајн НВЖД е помалата можност за пронаоѓање на сторителот и истражувањето на тоа може да биде поврзано со специфични тешкотии. Европскиот суд за човекови права во една на своите одлуки наведува дека истрагата и гонењето на онлајн насилството се соочуваат со многу предизвици, бидејќи истите може да вклучуваат методи на истрага кои се особено тешки за полициските власти, а на жртвите може да им се каже - понекогаш правилно, понекогаш неточно - дека ништо не може да се направи. Имајќи го предвид горенаведеното и правната рамка претставена во овој прирачник, ефикасноста на постапувањето на институциите секогаш треба да се гледа низ призмата на достапноста на сторителот и познавање на неговиот идентитет, кој, за жал, може да остане во многу случаи непознат.

**КАЗНЕНО ПРАВНА РАМКА**

Казнено-правната рамка за гонење на онлајн формите на НВЖД е нецелосна и сеуште не е хармонизирана со барањата и стандардите поставени во меѓународните документи од оваа област. Во моментот на создавање на овој прирачник, во собраниска процедура се предлог измени и дополнувања на Кривичниот законик со кој и гонењето на онлајн облиците на НВЖД ќе го добијат истиот  квалитет како гонењето на „офлајн“ облиците на кривични дела на НВЖД. Сепак, се до нивното донесување и стапување во сила, кривично-правната заштита на жртвите на онлајн НВЖД може да се обезбеди преку постојните описи на кривичните дела со кои се криминализираат офлајн формите на НВЖД.

Основните и најчести кривични дела под кои можат да се подведат најголемиот дел од облиците на онлајн НВЖД се поместени во одредбите од Глава петнаесетта на Кривичниот законик, со кои се регулираат кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Најчестиот облик на кривично дело со онлајн димензија е злоупотреба на снимка со сексуално експлицитна содржина. Оваа форма на онлајн НВЖД не е криминализирана како посебно кривично дело во Кривичниот законик, а во практиката и стручната литература често се нарекува одмаздничка порнографија (одмаздничко порно) или порнографија без согласност. Во пракса најчесто наидуваме на вакво криминално поведение кое настанува по прекинот на интимните врски. Имено, најчесто претходи злоупотреба на видеа со сексуално експлицитна содржина, доброволно споделување на интимни фотографии меѓу партнерите за време на траењето на интимните, емоционални врски на таков начин што или еден од партнерите или и двајцата партнери си возвраќаат, испраќаат или ставаат достапни фотографии и видеа со интимна содржина, или тие се снимени со согласност во сексуално експлицитни ситуации, но исклучиво со намера споменатата содржина да биде тогаш и засекогаш наменета за само за лична употреба и со доверба дека партнерот таква содржина никогаш нема да злоупотребува во иднина. Одмаздничката порнографија обично се случува во ситуации на раскинување на врската кога бившиот партнер сака да се одмазди, најчесто поради раскинување и потоа прибегнува кон објавување приватни фотографии или видеа, што вообичаено кај жртвата предизвикуваат чувства на страв, срам, вознемиреност и други негативни емоции. Дополнително треба да се нагласи дека на кривично гонење подлежи и објавување на снимки создадени со помош на вештачка интелигенција, без согласност и без никаков претходен чин на жртвата во реалноста, со создавање виртуелни експлицитни слики или снимки со помош на софтвер (фотошоп, длабок фејк) или со модификација на вистински снимки, на тој начин што покажува сексуално експлицитна содржина што ја навредува приватноста на жртвата. Во таков случај зборуваме за објавување на виртуелна порнографија без согласност, која го има истиот разорен ефект за жртвата како и објавување на снимки кои биле создадени во реалноста.

Злоупотреба на снимка со сексуално експлицитна содржина како форма на онлајн НВЖД може да се подвеве под одредбата од член 152 од КЗ со која е регулирано делото Неовластено симање. Согласно член 152 став 1 од КЗ, тој што неовластено ќе направи фотографски, филмски или видео снимки на друго лице или на неговите лични простории без негова согласност, повредувајќи ја неговата приватност или тој што таквите снимки непосредно ги пренесува на трето лице или му ги покажува или на друг начин му овозможува со нив да се запознае, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. КЗ предвидува гонењето да се презема по приватна тужба, што значи дека жртвата треба самата да поднесе приватна кривична тужба до надлежен основен суд во рок од три месеци од денот кога узнала за кривичното дело и за сторителот. Кривичната постапка за ова дело се води по правилата на скратената постапка.

Понатаму, Повреда на тајноста на писмата или други пратки е дело предвидено во член 147 од Кривичниот закони, кое што може да се изврши и во онлајн сферата. Тоа е дело чиј опис се состои од отварање на туѓо писмо, телеграма, некое друго затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта, или на друг начин повреда на нивната тајност или задржување, прикривање, уништување или на друг предавање на туѓо писмо, телеграма, затворено писмено или пратка или

обезбедена електронска пошта, без судска одлука или согласност на лице на кое му се упатени. Во врска со ова, треба да се каже дека тоа е токму контрола на електронската пошта и следење на комуникациите на сегашен или поранешен брачен или вонбрачен другар/партнер е многу честа поплака од жртвите на онлајн НВЖД. Треба да се нагласи дека кривичниот прогон во никој случај не е ограничен само на членовите на семејството и се протега на широк круг на лица, то ест на секое лице. Предвидена е парична казна или казна затвор до шест месеци, а делото се гони по приватна тужба, што значи дека жртвата треба самата да поднесе приватна кривична тужба до надлежен основен суд во рок од три месеци од денот кога узнала за кривичното дело и за сторителот. Кривичната постапка за ова дело се води по правилата на скратената постапка.

Неовластено прислушкување и тонско снимање е исто така едно од делата, регулирани во член 151 од КЗ, што би можеле да најдат место во онлајн сферата, бидејќи реално се можни ситуации во кои некој направи неовластена тонска снимка од приватни разговори или изјава што не му е наменета на снимателот, односно може да овозможи на неповикано лице да се запознае со разговор или изјава која е прислушкувана или тонски снимана. За ова дело е предвидена казна затвор од една до пет години. Во став 3 е предвидена истата казна затвор за оној што тонски ќе сними изјава што му е наменета, но без знаење на оној кој ја дава, со намера да ја злоупотреби или да ја пренесе врз трети лица или тој што таквата изјава непосредно ја пренесува врз трети лица. Ова кривично дело се гони по службена должност и жртвата треба да поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство или до Министерството за внатрешни работи.

Во контекст на онлајн насилството врз жените и девојките, поврзано со кршење на приватноста, важно е да се спомене кривичното дело Злоупотреба на лични податоци од член 149. Со него се инкриминираат дејствија на оној кој, спротивно на условите предвидени со закон без согласност на граѓанинот прибира, обработува или користи негови лични податоци. Делото се казнува со парична казна или со затвор до една година, а истата санкција е предвидена и за тој што ќе навлезе во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера користејќи ги за себе или за друг да оствари некаква корист или на друг да му нанесе некаква штета. Потешка санкција е предвидена ако делото го стори службено лице во вршење на службата. Казнив е и обидот за сите облици на делото, а предвидена е и кривична одговорност за правно лице. Ова кривично дело се гони по службена должност и жртвата треба да поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство или до Министерството за внатрешни работи.

Важно е да се напомене дека злоупотребата на снимки со сексуално експлицитни содржина, како и доксирањето и други слични дејствија наведени во делот Најчести места и облици на извршување, исто така, можат да се подведат под описот на ова кривично дело Злоупотреба на лични податоци. Доксирањето (doxing), е чин на откривање информации за лична идентификација во онлајн просторот, како име и презиме, домашна адреса, работно место, телефонски број, финансиски и други лични информации со цел вознемирување, закана или нанесување наштети на жртвата. Создавањето на т.н creepshots, што значи фотографирање жени во јавност на дискретен начин, од страна на мажи или upskirting-от што го претставува дејството фотографирање или

снимање од позиција што му овозможува на сторителот да има поглед на внатрешноста на женската облека - здолништа или фустани, без дозвола на жртвата, се некои примери на дејствија чиј кривичен прогон и санкционирање би можеле да бидат преземени како кривично дело Злоупотреба на лични податоци.

Најчесто кривично дело поврзани со онлајн контекстот, а кое е насочено кон загрозување на личната слобода на жртвата е Присилбата, од член 139 од КЗ. Во однос на кривичното дело Присолба треба да се каже дека се работи за дело во кое дејството се состои во присилување на друг со сила или со сериозна закана да стори или да не стори или да трпи нешто, што законодавецот го казнува со парична казна или со затвор до една година. Во став 2 регулиран е квалифициран облик на основното дело присилба од став 1, доколку е сторено при вршење семејно насилство или од омраза, при што сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. Во пракса, можно е да се замисли ситуација во која жртвата е принудена да испрати сексуално експлицитна фотографија или видео на сторителот или трето лице, да сними, испрати или постави на веб-локација што содржи порнографска содржина итн. или на друга начин да му ја направи достапна на сторителот. Силата во ова кривично дело претпоставува апсолутна, односно физичка сила, додека заканата е вид на психолошка принуда на која жртвата е подложена поради страв од некого и не може да се спротивстави на заканувачкиот зло. Основниот облик на делото се гони со поднесување на приватна кривична тужба од страна на жртвата како оштетена, што значи дека жртвата треба самата да поднесе приватна кривична тужба до надлежен основен суд во рок од три месеци од денот кога узнала за кривичното дело и за сторителот. Гонењето на квалификуваниот облик на делото сторено при вршење семејно насилство или од омраза се превзема по службена должност, заради што жртвата треба да поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство или до Министерството за внатрешни работи.

Во пракса не се ретки примерите на употреба на принуда меѓу поранешните партнери во која се бара од жртвата постојано да испраќа нови снимки со сексуално експлицитна содржина за да не објавува поранешниот партнер или да не испрати на трето лице снимки што ги има од порано. Најчестиот страв што жртвите во такви ситуации што ги опишуваат е дека снимките ќе бидат споделени со членовите на семејството, работодавачот или од поширок круг на луѓе преку веб-страници, социјални мрежи итн. Овие незаконити дејствија може да се подведат под описот на делото Уцена од член 259 од Кривичниот законик. Ова дело е регулирано во Глава дваесет и прва, како дело против имотот. Имено, тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе му се закани на друг дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би можело да и наштети на неговата или нивната чест или на неговиот или нивниот углед и со тоа го присили да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години. Квалифициран облик на делото од став 2 предвидува дека тој што основното дело од став 1 ќе го стори како член на група, банда или друго здружение или доколку со делото е прибавена значителна имотна корист или настапила значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до десет години. Ова дело се гони по службена должност, заради што жртвата треба да поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство или до Министерството за внатрешни работи.

Едно од најчесто пријавуваните дела од онлајн сферата е онлајн демнењето. Примерите со кои се среќаваме во пракса се различни. Многу често се однесуваат на следење на профилите кои жртвите ги имаат на социјалните мрежи, оставајќи навидум неутрални коментари кои сепак предизвикуваат страв и вознемиреност кај жртвата, бидејќи се врамени на начин што жртвата разбира дека потекнуваат од сторителот, додека на кое било друго лице кое не е запознаено со околностите на случајот, со жртвите и/или сторителите, може да му изгледаат целосно неутрални. Кога го прават ова, многу често сторителите се кријат зад лажни профили, кои не ретко ги менуваат. Инволвирање во несакана комуникација вклучува обиди за активен контакт со жртвата преку какви било достапни средства за комуникација, вклучувајќи современи алатки за комуникација и информациска комуникациска технологија. Понатаму, заканувачкото однесување може да вклучува различни однесување како создавање лажни идентитети или ширење лажни информации на интернет. Важно е да се напомене дека ниту офлајн, ниту онлајн демнењето не се посебно криминализирани во Кривичниот законик, но прогонот за истите може да се превземе во рамки на делото Загрозување на сигурноста од член 144 од КЗ. Онлајн демнењето претставува на упорно и долгорочно следење или демнење друго лице или обид за воспоставување или воспоставување несакана врска со жртвата, која сторителот ја контактира или заплашува на друг начин и на тој начин предизвикува нејзина вознемиреност или страв кај неа за сопствената безбедност или за безбедноста на лицата блиски со неа. Кривичниот законик во основниот облик на делото предвидува дека тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. Прогонот за основниот облик на делото се презема со поднесување на приватна кривична тужба од страна на жртвата до надлежен основен суд. Квлифицирани облици се дадени во став 2, 3 и 4, за кои е предвидено гонење по службена должност и потешки санкции. Имено, тој што ќе го стори делото при вршење семејно насилство или од омраза, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Со истата казна ќе се казни тој што делото ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата или спрема повеќе лица. Потешка санкција казна затвор од една до пет години е предвидена за тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здрвавствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

Што се однесува до онлајн формите на кривичните дела против половата слобода и половиот морал од Глава деветнаесет, веројатно е дека онлајн формите на сексуално насилство, како што е онлајн сексуалното вознемирување, ќе бидат сè почести во практиката на кривичното право. Имајќи предвид дека ова кривично дело е поврзано со односот на подреденост и е типично лоцирано во работната сфера, во услови во кои во денешно време може да се извршуваат сè поголем број работни задачи преку интернет, се очекува дека голем број вакви дела ќе се преселат во интернет сфера. Ова наметнува потреба што поитно да се криминализира онлајн сексуланото вознемирување како посебно кривично дело, бидејќи истото е заштитено со во член 5 од Законот

за заштита од вознемирување на работното место[22], кој го дефинира Психичкото и полово вознемирување на работно место. При тоа, под полово вознемирување  се подразбира секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на вработениот, а кое предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост. Однесувањето се смета за полово вознемирување на работното место, доколку не престанало и по писменото предупредување од страна на вознемируваното лице дека му пречи однесувањето на вршителот на вознемирувањето и дека ќе го смета за вознемирување на работно место. Дополнително, за полово вознемирување на работно место се смета и поттикнувањето или наведувањето на однесување во горенаведената смисла. Сепак, оваа заштита се чини сосема недоволна бидејќи е помесена во сферата на трудовата, прекршочната и граѓанско-правната заштита. Типичен начин на кој може да се врши сексуално вознемирување во онлајн сферата може да биде испраќање на несакани фотографии, коментари и сл. преку онлајн канали за комуникација. Поврзани со други кривични дела кои ја штитат сексуалната слобода на жртвата, како силувањето, на пример, не се незамисливи и случаи на силување и други полови дејствија поврзани со употреба на современите информациско-комуникациски технологии, преку кои сторителот би ја сторил заканата дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на жртвата или врз животот или телото на блиско лице на жртвата, како пример како сторителот може да ја принуди жртвата да изврши обљуба или друго полово дејствие. Ако се заме предвид дека Интернетот е јавно место, во врска со дефинирањето на јавно место во член 122, став 32 од КЗ, може да се дискутира околу примената на онлајн облик на делото Задоволување на полови страсти пред друг, од член 190, со кое како основен облик се санкционира тој што пред друг врши полово дејствие на јавно место, при што предвидена е парична казна или со затвор до една година, додека за квалифицираните облици на делото извршени пред дете се предвидени потешки казни затвор од три до осум, односно најмалку четири години затвор. Исто така, дискусија е можна и треба да се имаат предвид следните кривични дела: Прикажување на порнографски материјал на дете од член 193, Производство и дистрибуција на детска порнографија од член 193-а, Намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години од член 193-б, Насилство врз дете од член 201-а, последново поместено во Глава дваесетта, како кривично дело против бракот, семејството и младината.

Значајно е да се спомене и кривичното дело од Глава дваесет и права на Кривичниот законик, кое се однесува на заштитата на имот. Станува збор за кривично дело Изнуда од чл. 258 од Кривичниот законик што во основен облик го врши тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот, при што предвидена е казна затвор најмалку една година. Кривичното дело изнуда е слично на кривичното дело присилба, но се разликува по тоа што лицето кое е жртва на изнуда прави нешто на штета на својот имот. Често пати во контекст, без разлика дали е присилба или изнуда, можеме да го слушнеме поимот sextortion или сексуална изнуда, кој како дејство може да се манифестира на различни начини и во повеќе видливи форми,

[22]Законот за заштита од вознемирување на работно место е објавен во "Службен весник на РМ" бр.79/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место е објавен во "Службен весник на РМ" бр.147/15, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.103/21.

а во онлајн сферата често се состои од закана со објавување снимки со експлицитна сексуална содржина, со цел да се принуди жртвата да направи нешто на штета на сопствениот имот.

Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем е дело предвидено во член 251 од КЗ и истото е чин што може да се поврзе со онлајн насилство, во некои случаи како вид на подготвително дејствие за некое друго кривично дело што може да се изврши онлајн, иако неовластен навлегување во компјутерски систем или кој било дел од него или компјутерските податоци имаат карактер на самостојно кривично дело кое се гони по службена должност.

Кога сме кај овие дела поместени во Глава дваесет и трета, како кривични дела против имотот, треба да се има предвид одредбата од член 263 што го регулира гонење за некои од овие дела меѓу блиски сродници со поднесување на приватна кривична тужба од страна на жртвата, иако за истите првично е предвидено гонење по службена должност.

Важен пример за кривично дело со онлајн елемент е Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа, регулирано во член 319 од КЗ, глава дваесет и осма, кривични дела против државата. Имено, тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Северна Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години. Квалиифициран облик на делото е предвиден за посериозните последици предизвикани со сторување на нова дело, доколку дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, за што е предвидена казна затвор од една до десет години.

Впрочем, дела кои можеби најчесто се среќаваат во секојдневниот живот во онлајн сферата се навредата и клеветата. Сепак, за овие дела заштита е предвидена во граѓанско-правната област, така што не е возможен кривичен прогон за навреди и клевети пласирани во онлајн просторот.

**ГРАЃАНСКО ПРАВНА РАМКА**

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство е основен закон и lex specialis во областа на граѓанско-правната заштита од сите форми на насилство врз жени и девојќи.  Донесен е во јануари 2021, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 24/2021 година, а започна да се применува во мај 2021 година.

Цел на законот е превенција и спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово базирано

насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на РСМ.

Насилство врз жените го дефинира како кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово-базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Родово-базирано насилство врз жените го дефинира како насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува. Родово-базираното насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем.

Семејно насилство го дефинира како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Во законот се наведени следните облици на насичлство врз жени и семејно насилсчтво:

- телесно/физичко насилство, е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата;

- психичко насилство, е секое однесување со употреба на присилба, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и психичкиот интегритет на жртвата;

- демнење е секое намерно однесување на повторено заканување насочено кон друго лице што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност;

- економско насилство е е секое дејствие на ограничување или спречување во остварување и/или располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата;

- насилство од интимен партнер

- сексуално насилство и силување, сексуално вознемирување, сексуално вознемирување преку интернет

- присилен брак, женско генитално осакатување, присилен абортус и присилна стерилизација, трговија со жени, присилна контрола врз жените.

Ќе ги наведеме обврските и должностите што релевантните институции ги имаат во случаите на насилство врз жени и семејно насилство, акои можат соодветно да се применат и кога се работи за онлајн НВЖД.

Центарот за социјална работа ги презема следниве мерки за заштита на жртвите:

1) обезбедува привремено згрижување;

2) обезбедува жртвата да добие потребна медицинска помош и по потреба ја придружува во најблиската здравствена установа;

3) обезбедува жртвата да оствари право од социјална и здравствена заштита согласно со закон;

4) дава соодветна психо-социјална интервенција и третман;

5) обезбедува жртвата да добие психо - социјален третман во советувалиште од стручни лица во центарот за социјална работа, здружение, советувалиште за жени жртви на насилство и други жртви на семејно насилство;

6) обезбедува помош на семејството за редовно школување на дете;

7) дава правна помош и застапување;

8) ја упатува жртвата до соодветните државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку надлежен центар за вработување и

9) во случај на висок ризик и преземање на итни мерки за заштита, како и кога жртвата користи услуги на привремен престој, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на пријавата, донесува решение за привремено доверување на грижа и воспитување на деца на родителот жртва.

Центарот за социјална работа е должен да започне постапка веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од добиеното сознание да преземе мерки за заштита на жртвата.

Министерство за внатрешни работи ги превзема следните мерки и дејствија за заштита на жртвите:

Полициски службеник секогаш кога има пријава за родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство, а заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство е должен да излезе на местото на настанот и да изготви полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот.

Полицискиот службеник, обезбедува жртвата веднаш да добие соодветна здравствена заштита.

Полицискиот службеник привремено го одзема оружјето од сторителот и покренува постапка предвидена со закон за одземање на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје.

Полицискиот службеник по барање на жртвата ја придружува во живеалиштето на жртвата да ги земе личните работи кои се неопходни за секојдневниот живот, а доколку тоа е оневозможено од страна на сторителот или други лица кои живеат во истото живеалиште, во соработка со надлежен јавен обвинител и издадена наредба од судот ги зема личните работи на жртвата.

Во случај на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство полицискиот службеник е должен веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот да го извести надлежниот јавен обвинител.

Полицискиот службеник е должен во рокот од 12 часа до надлежниот суд да достави предлог за изрекување на итна мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и полициски извештај изготвен од полицискиот службеник, како и во истиот рок да го извести надлежниот центар за социјална работа заради преземање на итните мерки за заштита на жртвата.

Со цел заштита и спречување на актуелно и сегашно насилство, судот може да определи итни и привремени мерки за заштита од родово базирано и семејно насилство.

При тоа, итни мерки изрекува судот на предлог на МВР, кога по направената проценка на ризик произлегува потреба од отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство .

Тоа се двете мерки отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, кои Министерството за внатрешни работи ги предлга и без согласност на жртвата. Овие итни мерки се изрекуваат во траење од најмалку десет, а најмногу до 30 дена.

На предлог на ЦСР или на жртвата самостојно, на сторителот судот може да му ги изрече следниве привремени мерки за заштита:

1) забрана да се заканува дека ќе стори насилство;

2) забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно комуницира со жртвата;

3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата;

4) отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од десет до 30 дена;

5) забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;

6) задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и семејството;

7) задолжително законско издржување на семејството;

8) задолжително да посетува советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство;

9) задолжително лекување на сторителот доколку употребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;

10) сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството и

11) која било друга мерка која судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството.

ЦСР задолжително поднесува до судот предлог за изрекување на привремена мерка за заштита во име на деца и деловно неспособни лица секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат и без нивна согласност.

Привремената мерка за заштита може да трае најмалку три месеци, а најмногу до една година.

Доколку насилство продолжи по истекот на периодот за кој е изречена привремена мерка за заштита во рамките на рокот од една година, жртвата или центарот за социјална работа можат да поднесат барање за продолжување на мерката/ите.

По истекот на една година од изречената привремена мерка за заштита, во случај кога насилството врз жените и семејното насилство повторно ќе се случи, жртвата или центарот за социјална работа доставува нов предлог до судот.

Жртвата или центарот за социјална работа можат да поднесат предлог до надлежниот суд за укинување на изречената привремена мерка за заштита и пред истекот на рокот за кој е изречена мерката, доколку се оцени дека истата ја постигнала целта заради која е изречена.

Жртвата или центарот за социјална работа, можат да поднесат предлог за измена на изречената привремена мерка за заштита или за нејзино продолжување, доколку изречената мерка не обезбедила соодветна заштита на жртвата или настанале изменети околности.

Рок за одлучување на судот:

- За итните мерки на предлог на МВР, веднаш во рок од 24 часа и без одржување на рочиште.
- За привремените мерки на предлог на ЦСР или жртвата, одлука се донесува во рок од 7 дена.

- Рок за жалба е 3 дена од приемот на првостепената одлука.

За прекршување на изречените мерки се известува ЦСР, кој има должност да поднесе кривична пријава до ОЈО за делото Неизвршување судска одлука.

Жртвата има право да поднесе тужба пред граѓански суд за утврдување на одговорност за непостапување со должно внимание на надлежните органи.

Во тужбата може да се истакне барање:

1) да се утврди одговорност на тужениот за непостапување со должно внимание утврдено со овој закон;

2) да се досуди надоместок на штета за жртвата поради непостапување со должно внимание од страна на тужениот и

3) да се задолжи тужениот да преземе дејствија за заштита на жртвата согласно со одредбите и роковите утврдени со овој закон.

Законот ги регулира следниве општи и специјализирани услуги за жени жртви на родово-базирано и смејно насилство:

- Општи услуги: пристап до здравствени и социјални услуги, помош, поддршка и упатување.

- Специјализирани услуги, кои одговараат на конкретните потреби на жртвите на различни видови на насилство: СОС линија, психосоцијална поддршка, советување и третман, згрижување во центар за привремен престој 3 месеци до 1 година, интервентно сместување 24/72 часа, заштита и поддршка во центарот за упатување на жртви на сексуално насилство, долготраен третман на жени жртви на сексуално насилство и силување во центар за долготрајно советување и психотерапија на жени жртви на сексуално насилство и силување, бесплатна правна помош и услуги за реинтеграција на жртвите.

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

## ПОЛИЦИЈА

По правило, жртвите ја имаат првата средба со органите на кривичниот прогон: службени лица од полицијата и од обвинителството. До нив жртвите се обраќаат за да го пријават доживеаното насилство. При првиот контакт со жртвата потребно е веднаш да се процени дали има опасност по животот, безбедноста или здравјето на жртвата и во тој случај да преземе мерки и дејствија с со цел непосредна заштита на жртвата.

Понекогаш ќе се случи жртвата да дојде во полициска станица само за да дознае што ќе се случи доколку пријави и иницира кривични постапки. Во ситуации кога рокот за поднесување на кривична пријава е краток, од страна на службените лица жртвата треба да се охрабри и поттикне да поднесе пријава што е можно поскоро, објаснувајќи и што точно подразбира поднесувањето на кривична пријава, т.е предлог за гонење.

Имајќи ја предвид ранливоста на жртвата и фактот дека полициските службеници најчесто се првиот контакт на жртвите со системот, неопходно е полициските службеници да постапуваат особено внимателно при прием на пријавата. Полицискиот службеник треба да и влее на жртвата доверба со сопственото невербално, неосудувачко однесување, имајќи на ум дека честопати жртвите се чуствуваат виновни за тоа што им се случило. Потребно е со своето однесување и став полициските службеници да и дадат до знаење на жртвата дека насилното однесување е единствено одговорност на сторителот на насилството. Во случај кога гонењето зависи ид согласноста на жртвата, потребно е полициските службеници да се воздржат од постапки и такво однесување со кое за процесуирањето на делото и сторителот ќе ја остават одлуката на жртвите.

Во случај на кривично дело кое се гони по службена должност, полициските службеници треба со должно внимание да ги започнат со понатамошни неопходни дејствија за расветлување на пријавеното дело согласно прописите што налагаат гонење, дури и кога за гонење е потребна согласност, односно предлог од жртвата.

Доколку е можно, за пријавата за насилство треба да се извести и консултира полициски службеник обучен за онлајн насилство врз жени.

Заради превенција од ревиктимизација, потребно е на жртвата да и се овозможи податоците за стореното кривично дело да ги изнесе непречено и без страв, во посебни простории, каде што ќе биде целосно осигурана приватноста. Бидејќи пријавувањето онлајн насилство често вклучува гледање експлицитни интимни снимки, секогаш кога е можно, потребно е да се осигура дека пријавата е примена од жена – полициска службеничка. Со иста цел, како и заради зајакнување и охрабрување на жртвата, уште при првиот контакт неопходно е да и се врачи листа на даватели на специјализирани услуги и жртвата да се упати кај локални граѓански здруженијата кои обезбедуваат специјализирани услуги на правна и психо-социјална поддршка и помош за жени и девојки жрви на насилство. Граѓанските здруженија, кои ги овозможуваат овие специјализирани услуги за жени и девојки кои искусиле насилство, вообичаено дистрибуираат информативен материјал (флаери, брошури) во полициските станици, кој може да им се врачи на жртвите.

Полицискиот службеник треба да ги процени индивидуалните потреби за заштита на секоја жртва. Неопходно е жртвата ефикасно и континуирано да се подучува и да и се објаснуваат на разбирлив начин правата што како жртва и оштетена ги има согласно закон, како и да се осигура дека жртвата целосно ги разбрала информациите. Имајќи ги предвид силните последици и вознемирувачкиот ефект што овој тип на насилство може да ги има врз жртвите, доколку околностите на случајот налагаат, се препорачува полицискиот службеник што ја примил пријавата да го оствари првиот контакт со соодветната институција (на пример, здравствена установа или центар за социјална работа) или со здружение.

Жртвата треба на разбирлив начин да се информира дека има право да учествува во кривичната постапка и дека има право да ангажира полномошник од редот на адвокатите, кој ќе ја застапува во постапката. Дополнително, потребно е да и се дадат информации и за правото на бесплатна правна помош и дека истото може да го оствари во локалните овластени здруженија, правни клиники или во подрачното одделение на Министерството за правда.

Освен овие првични, треба да и се дадат информации за заштитните и за мерките за претпазливост, со акцент на итните мерки за заштита кои, на предлог на Министерството за внатрешни работи, може да му се определат на сторителот од страна на судот и за начинот на нивно извршување.

Без разлика дали насилството е актуелно или сторителот ги довршил криминалните дејствија, важно е да се реагира брзо, имајќи на ум дека во многу случаи на онлајн насилство врз жени потребно е доказите да се обезбедат итно и без одлагање, кое ја намалува можноста за идентификација на сторителот, за ефикасно кривично гонење и за негово санкционирање. Ако жртвата сама не ги обезбедила доказите, без одлагање треба да и се помогне да го направи тоа, на најдобар и најбрз можен начин.

При давањето исказ, потребно е да се остави доволно време за изнесување на фактите, без да се побрзува жртвата во тоа или да се намалува важноста на некои аспекти од нејзиниот исказ. Покажувањето на разбирање и внимателност кон изјавата на жртвата придонесува во создавање на безбедна средина и воспоставување доверлив однос со жртвата. Сите изјави дадени од жртвата мора да бидат детално забележани во записник, а на жртвата мора да и се даде пристап до записникот/белешката, па јасно и разбирливо да се поучи жртвата за нејзините права, со објаснување на понатамошниот тек на дејствување. При тоа, полицискиот службеник треба да избегнува негативни обрасци на однесување, како што е давањето сопствена проценка дека делото „не е сериозно“ или изнесувањето на лични ставови, што може да влијае жртвата да се откаже од гонење или да допринесе кон нејзина ревиктимизација.

Во моментот на поднесување на пријавата, полицискиот службеник треба да ја информира жртвата за правото да биде придружувана од страна на доверливо лице, континуирано во текот на сите фази од постапувањето. При тоа, неопходно е да се подучи жртвата дека нејзин придружник не треба да биде лице кое може да се јави како сведок во подоцнежните фази на постапката.

Полициските службеници треба да ги земат предвид сите факти во врска со околностите на насилството, сите факти кои упатуваат на идентитетот на сторителот и на местото каде што тој се наоѓа, како и поширокиот контекст на настанот. Треба да се провери евентуалната историја на претходни онлајн насилства, како и историја на другите, офлајн форми на насилство врз жени и девојки, дали и до кој степен надлежните органи веќе постапувале во случај на претходно насилство. Онлајн насилството во голем број случаи е поврзано и „се прелева“ во офлајн просторот, па на жртвата треба да и се даде можност да раскаже за сите форми на доживеано насилство и за истото да поднесе пријава, за да се увери дека сторителот ќе одговара за сите извршени дејствија. Дури и кога жртвата нема пријавувано насилство во минатото, исказите на жртвата со детали за истото не треба да се занемаруваат.

Доколку е поднесена пријава за злоупотреба на снимки со интимна содржина, важно е да се утврди на која локација е направена снимката, уредот со кој е направена фотографијата или видеото, времето и околностите на снимањето, особено дали жртвата била свесна дека е снимана и дали дала согласност, дали ја покажала снимката/ите на трети лица, односно дали трето лице може да ја поседува или да има пристап до снимката/ите, дали жртвата знае кому сторителот ја направил достапна снимката која не е јавно објавена итн. Исто така е важно да се одреди кои канали за комуникација ги користеле во меѓусебната комуникација сторителот и жртвата (на пример Facebook, Instagram, Whatsapp, Viber), дали снимка била направена за време на пренос во живо (livestreaming), дали жртвата и сторителот физички се сретнале. Важно е да се добијат информации за однесувањето на сторителите пред, за време и по создавањето на одредена содржина и особено да се утврди дали дејствијата на сторување претставуваат закана, принуда, изнуда и сл.

Доколку насилството е извршено преку социјалните мрежи или преку други интернет провајдери кои се спремни да соработуваат директно со полицијата, потребно е преку соодветната организациона единица да се контктираат без одлагање со барање да се открие идентитетот на сторителот, местото и времето на извршување на кривичното дело и други битни факти, како обезбедувањето докази и отстранувањето на спорната содржина од Интернет. Доколку сторителот е надвор од територијата на Република Северна Македонија и директен контакт со интернет провајдерот не е можен, неопходно е, во согласност со правилата на меѓународната полиција соработка, да се контактираат надлежните органи во земјата каде што има интернет провајдерот има седиште или органите на државата во која се наоѓа сторителот на кривичното дело.

Доколку сторителот и жртвата се блиски лица (сегашни или поранешни брачни, вонбрачни или интимни партнери, лица кои имаат заеднички деца или други членови на семејството) потребно е во сѐ да се постапува во согласност со важечките Протоколи за постапување во случаи на родово базирано и семејно насилство. Доколку жртвата и сторителите имаат заеднички деца, потребно е да се земе предвид можното изложување или присуството на децата на насилството.

Во случаи кога жртвите трпат насилство подолг временски период без да го пријават, треба да се избегнуваат прашања за причините зошто жртвата токму во тој момент пријавува насилство, односно несвесно да им се сугерира дека поради протекот на време, пријавата не е веродостојна. Треба да се избегнува обесхрабрување на жртвата со сугестии дека тоа е нејзин пропуст, кој ги намалува нејзините реални шанси за успех во постапка, а со тоа свесно или несвесно да се одвраќа жртвата да пријави насилство.

Дефинитивно треба да се избегнува упатување на жртвите да поведат граѓанска постапка поради уверување дека полицијата не е надлежна или овластена да постапува по пријавата или, како што е пракса, да се евидентира насилството како поплака. Целисходно е полициските службеници да и го објаснат на жртвата понатамошниот тек на постапката, што ќе преземе полицијата по приемот на пријавата, односно да објаснат дека ќе поведат соодветна постапка со проследување на пријавата до надлежното јавно обвинителство заради донесување одлука за поведување кривична постапка.

Исто така, целисходно е жртвата по поднесувањето на пријавата и земањето нејзина изјава, да се определи полициски службеник кој ќе и биде достапен на жртвата за сите информации во

врска со натамошниот тек на полициската постапка и за нејзините евентуални прашања. И во случаи кога жртвата од која било причина не сака да се впушти во водење постапка, треба да се има предвид обврската за гонење по службена должности и да се поттикне жртвата да поднесе пријава за претрпеното насилство. Во ситуации кога жртвата, и покрај се, нама да поднесе формална пријава, или кога полициските службеници ќе проценат дека не постојат услови за гонење по службена должност, жртвата треба да биде информирана за своите права и да и се даде до знаење дека насилството може да го пријави и подоцна.

Доколку полицискиот службеник смета дека нема елементи за покренување на кривична постапка, горенаведеното треба внимателно да и се соопшти на жртвата и да се упати дека таа самата лично може да го стори тоа со поднесување на кривична пријава до надлежното основно јавно обвинителство. Важно е да и се објасни дека некои кривични дела кои влегуваат во онлајн сферата се гонат со поднесување на приватна кривична тужба од страна на жртвата до надлежен суд. Во такви ситуации, жртвите треба да бидат внимателно информира дека не е можно постапување по службена должност и истие да се упатат во граѓанските здруженија, каде што можат да добијат подетални правни совети и бесплатна правна помош.

Препуштањето случајот да го гони жртвата ex privatum е особено проблематично кога жртвите не го знаат идентитетот на сторителот, бидејќи приватни кривични тужби не може да се поднесат против непознати сторители. Во вакви ситуации потребно е да се примени член 63 од Законот за полициските должности и овластувања со кој се пропишува дека доколку при поднесување кривична пријава или со спроведување истрага се утврдува дека се работи за кривично дело кое се гони по приватна кривична тужба, по барање на жртвата како лице овластено за поднесување приватна кривична тужба, заради откривање на веројатниот сторител полицијата е должна да преземе дејствија, кои што жртвата не е овластена и не може да ги превземе самостојно. Доколку предметот биде проследен во основното јавно обвинителство на понатамошно постапување, полицијата е должна на жртвата да и даде информации без одлагање, на нејзино барање, за тоа кога и во која форма предметот е испратен на понатамошно постапување до основното јавно обвинителство.

Покрај кривичен прогон по службена должност, во случај онлајн насилството да преминува во офлајн насилство или кога се работи за комбинација на овие две форми на насилство врз жени и девојки, доколку се исполнети условите согласно член 555 од Законот за превенција и спречување на насилство врз жени и семејно насилство, полициски службеник треба да поднесе предлог за изрекување на итни мерки за заштита на жртвата до надлежниот суд и за тоа да ја информира жртвата, како и центарот за социјална работа заради превземање на други мерки за заштита, меѓу кои и привремени мерки за заштита од насилство врз жени и семејно насилство од страна на центарот за социјални работи согласно одредбите од глава SSSS на Законот за превенција и спречување на насилство врз жени и семејно насилство.

Во системот за статистичка евиденција на полициските постапувања потребно е внимателно да се внесуваат информации за пријавени кривични дела сторени при вршење на насилство врз жени и девојки со користење на информатичко-комуникациските технологии.

Се препорачува полициските службеници, во зависност од случајот, синергетски да ги применуваат одредбите од сите релевантни Протоколи.

**ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**

Очекувано е дека жртвите на онлајн насилство во одредени случаи ќе се обратат до центрите за социјални работи, особено во ситуации кога се случува онлан насилство помеѓу сегашни или поранешни сопружници, вонбрачни партнери, интимни партнери, а најчесто во ситуации кога сторителот и жртвата имаат заеднички деца. Од тие причини, вработените во центрите се должни да се информираат за онлајн насилството врз жени и девојки и неговите негативни ефекти врз жртвите, да го препознаваат како родово засновано насилство и како форма на кршење на човековите права и дискриминација на жените.

Кога се случува онлајн насилство меѓу блиски лица во семејството или во заедничкото домаќинство, вработените во центрите за социјална работа се целосно одговорни да постапуваат во согласност со обврските предвидени во Стандарди и процедури за работа со жртви на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство[23], како и важечкиот Протоколот кој го уредува постапувањето при заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Нивна должност е да ја информираат жртвата за нејзините права, за надлежностите на центарот за социјална работа и за мерките и дејствијата што можат да ги превземат заради заштита на жртвата. Во случај на висок ризик од непосредна опасност за животот и безбедноста на жртвата, неопходно е на жртвата да и се обезбеди безбедно сместување во засолниште.

Без разлика на проценката на службеникот и стручниот тим од центарот дали во поединечни случаи можеби не се работи за насилство, секоја пријава мора да се сфати сериозно и не е препорачливо да се остави на сопствена проценка, без разлика дали наводите од пријавата се веродостојни или не. Во случај на пријава на онлајн насилство, не е доволно формално да се евидентираат сознанијата за насилството и освен што се постапува согласно Законот за превенција и спречување на насилство врз жени и семејно насилство, потребно е без одлагање да се извести полицијата, без разлика дали горенаведеното е веќе направено претходно од друг орган или организација. Во случај на поинакво постапување, вработените во центрите сносат ризик од евентуална прекршочна и граѓанска одговорност за непријавување насилство или кршење на обврската за постапување со должно внимание, предвидени во членовите ХХ од Законот за превенција и спречување на насилство врз жени и семејно насилство.

За да се превенира и спречи ревиктимизација на жртвата, не е прифатливо во центрите да се одржуваат заеднички состаноци или советувања на кои учествуваат жртвата и насилникот ниту пак жртвите да се наведуваат или упатуваат на каква било форма на договор со насилникот, на постапки за помирување или семејна/партнерска терапија и брачно советување. Неопходно е да се

---

[23] Достапен на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

води сметка за тоа дека брачното советување или советувалишната работата за подобрување на партнерскиот однос може само да ја продлабочи и онака неповолната положба на жртвата во однос на сторителот, што може да претставува дискриминација. Напротив, вработените во центрите за социјална работа треба да и овозможат на жртвата разговорот да се води одвоено од сторителот, да воспостават однос на доверба со жртвата, да и обезбедат поддршка и да создадат безбедна средина во која жртвата ќе биде охрабрена да го пријави сторителот и насилството.

При контакт со жртва на онлајн насилство, не е пожелно да се преиспитуваат мотивите за пријавување на жртвата, особено несоодветно е таа да се обвинува зошто претходно не го пријавила насилството, посочувајќи дека така овозможила изложување на децата на насилство и поради тоа на кој било начин да се означува како соучесник во насилството. Наместо тоа, важно е вработените во центрите да ја третираат жртвата со разбирање и почит, давајќи ѝ до знаење дека ќе и се пружи сета помош како на жртва на насилство, како и потребната поддршка во заштитата на најдобрите интереси и благосостојбата на малолетните деца и другите членови на семејството.

При обезбедување на некоја од неопходните услуги за жени и девојки жртви на насилство од областа на социјалната заштита, потребно е службените лица од центрите да се воздржат од секое поистоветување на одговорноста на жртвата со онаа на сторителот и од намалување на значењето на доживеаното насилство, од обесхрабрување или одвраќање на жртвата да пријави насилство. Бидејќи улогата на центрите за социјална работа е многу важна во сферата на граѓанско-правна заштита на жртвите, поврзано со аспектот на регулирање и надзор над извршувањето на родителското право над малолетните деца, треба е да се земе предвид членот 31 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство со кој се предвидува обврска за преземање мерки со кои ќе се осигури дека при одредувањето на старателството над детето и правата на видување на децата ќе се земаат предвид пријавите на сите облици на насилство опфатени со Конвенцијата, како и неопходноста од преземање на потребните мерки за да се обезбеди дека остварувањето на кое било на видување со децата или старателство над нив не ги загрозува правата и безбедноста на жртвата или децата.

**ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ**

Постапувањето на судовите и јавното обвинителство, како правосудни органи, е регулирано во различни материјални и процедурални прописи, кои детално ја пропишуваат секоја фаза на постапката и ги регулираат правата на жртвите. Неопходно е вработените во правосудниот сектор со должно внимание и висок професионализам да водат сметка за сеопфатно придржување до прописите во сите фази од постапката. За потребите на овој прирачник со упатства, пред сè, укажуваме на негативната практика, забележана во голем број случаи на онлајн насилство врз жени и девојки, во кои било пропуштено да се постапува со неопходната итност и со должно внимание од правосудните работници и служби. Препораката за итност во постапување во случаи на онлајн насилство е еден од условите за ефикасно кривично гонење, бидејќи секое одложување, со оглед на динамиката на онлајн насилството, може да доведе до потешкотии во докажувањето или до губење на докази, како што е наведено од страна на Европскиот суд за човекови права во предметот Володина бр. 2 против Русија.

Исто така, препорачливо е навремено да се одговори на прашањата на жртвите за дејствијата што се превземени по повод поднесената кривична пријава, а согласно одредбите за правото на информирање на оштетеност од член XX  од Законот за кривична постапка.

Исто така, при постапувањето, потребно е да се води сметка за проток на роковите за покренување обвинение, т.е. за донесување на одлука по поднесената кривична пријава во случај на нејзино евентуално отфрлање. Имено, се работи за нешта од суштинско значење за жртвите, за кои и пропишаните законски рокови за постапување според нивното разбирање се предолги, следствено тие веруваат дека правосудните органи ќе постапуваат во законски пропишаните временски рамки, во кои тие ќе имаат конкретни информации за понатамошниот тек на постапката. Пречекорувањето на законските рокови кај жртвите создава дополнителна неизвесност, ја пролонгира нивната агонија и претставува огромен психолошки товар. Во случај да постојат оправдани причини за пречекорување на законските рокови, препорачливо е жртвата благовремено да се информира за тоа, за да и се даде до знаење дека активно се работи на случајот, со објаснување дека е потребно дополнително време за извршување на дејствија во насока на целосно утврдување на фактичката состојба и прибирање на доказите.

Со цел жртвата да може да започне свој процес на закрепнување и отстранување на психичките последици кои ги претрпела како жртва на кривично дело, препорачливо е што е можно поскоро  да се земе исказ од жртвата, што е и едно од основните права на жртвите, кое овозможува прибирање на сите релевантни податоци и докази за понатамошно постапување по пријавата. Не е целисходно да се чека подолг временски период за земање изјава од жртвата, бидејќи одолговлекувањето на правосудните органи го продлабочува чувството на неизвесност и несигурност кај жртвата, а со тоа и повторното преживување на трауматскиот настан по изминувањето подолг период, што претставува дополнителна виктимизација на жртвата што треба да се избегнува.

Пред сослушувањето на жртвата, секој орган што го спроведува испитувањето е должен да изврши индивидуална проценка на потребите на жртвата со цел да се утврди дали има потреба од примена на посебни заштитни мерки за жртвата, за која надлежниот орган треба да ја подучи жртвата и да и овозможи да зборува за сите околности кои можат да бидат релевантни за да се оцени дали во конкретен случај тоа е неопходно и во која форма и обем. Мора да и се даде на жртвата на знаење дека податоците во врска со индивидуалната проценка се собираат заради нејзина заштита а жртвата мора да биде информирана за резултатите од проценката и посебните мерки заштита што може да се применат.

При испрашување на жртвата потребно е да се води сметка веднаш да се добие што поцелосна изјава, имајќи предвид дека може повторно да се побара дополнително испрашување на жртвата да се врши само во исклучителни околности.  Постојано да се испрашува жртвата пред различни службеници на органите на кривичната постапка не е наменски и може да се смета за облик на виктимизација на жртвата.

Откако ќе биде испрашана, жртвата треба да добие пристап до списите на случајот, без да и се наложи да го стори истото само преку полномошник, односно на жртвата треба да и се стави до знаење дека таа самата може да направи увид во списите директно. Имајќи предвид дека

жртвата има право во кривичното дело да учествува во постапката во својство на оштетена, треба да се уверат надлежните органи дека жртвата разбрала што значи концептот жртва и оштетен во кривичната постапка и какви овластувања поседува оштетениот во текот на самата постапка, односно која е разликата меѓу учеството во постапката како жртва и како оштетен.

Доколку во текот на постапката на сторителот му се изречени мерки на претпазливост заради превенција од повторување на кривичното дело, односно заштита на самата жртва, при нивното повторно испитување потребно е да се внимава да се слуша и гласот на жртвата. Одлуки кои директно се однесуваат на жртвата и нејзината безбедност не се препорачува да се донесуваат без да и се даде можност на жртвата да даде изјава или да учествува во постапката што претходи на донесувањето на таквите решенија. Сведувањето на жртвата на предмет во кривична постапка, без гласност и видливост, предизвикува незадоволство кај жртвите и ги поттикнува да формираат и одржуваат став на недоверба во системот на заштита, со што се влијае и на неговата ефикасност.

Доколку жртвата поднесе пријава до основното јавно обвинителство или до полицијата за настан кој претставува прекршок, а не кривично дело, потребно е да се избегне упатување на жртвата за самостојно поведување прекршок постапка, но не постои пречка овие органи самите да покренат прекршочна постапка до надлежниот суд или комисија за прекршоци.

Ова подеднакво важи и за случаите на отфрлање на кривичната пријава кога основното јавно обвинителство по разгледување на кривичната пријава утврдува дека не постојат предуслови за натамошна кривично гонење, особено во случаи кога кривичната пријава е отфрлена од процесни причини (на пример, истекот на периодот во кој може да се превземе гонење, протек на преклузивни рокови, настапена застареност на гонењето). Во овие случаи треба да се разгледа можноста за поведување прекршочна постапка ако пријавеното дело може да се подведе под некое од прекршоците пропишани со закон кој содржи прекршочни одредби, на пример на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за заштита од вознемирување на работно место, Законот за спречување и заштита од дискриминација и други.

**НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Покрај претходно споменатите чинители во системот, посебен осврт заслужуваат и граѓанските организации кои многу често се или првиот контакт на жртвите со системот или доаѓаат во контакт со жртвите непосредно по пријавување на насилство. Здруженијата најчесто се даватели на бесплатна правна и психолошка помош и поддршка, а некои од нив тие исто така обезбедуваат и други специјализирани услуги, како што се згрижување во центар за привремен престој (3 месеци до 1 година) за жртви на родово-базирано и семејно насилство, интервентно сместување 24/72 часа, СОС линија и други услуги наведени во делот Граѓанска правна рамка, а исто така обезбедуваат некои други видови социјални услуги во зависност од индивидуалните потреби на жртви. Дополнително, жртвите многу често се потпираат на помошта и поддршката што здруженијата им ја обезбедуваат, а која се однесува на олеснување на усната и писмена комуникација и разбирањето со надлежните органи кои превземаат дејствија, мерки и постапки за нивна заштита и спречување на насилство.

Треба да се нагласи дека граѓанските здруженија долги години работат бескомпромисно на спречување и елиминирање на родово базираното насилство и ефективно правно гонење и санкционирање на секој вид на насилство, идентификување и надминување на недостатоци во законодавството и во функционирањето на системот на заштита и услуги за жртвите, во системско мапирање и комуникација со медиумите и пошироката јавност, што е еден од најважните претпоставки за подигање на свеста за проблемот со насилството и негова превенција.

Во многу ситуации, граѓанските организации ќе бидат првиот контакт на жртвата со системот, а истото може да биде пресудно за понатамошни одлуки на жртвата при пријавување на кривично дело и прекршувањата на нејзините права и слободи. Поради оваа причина, првиот контакт на претставникот на граѓанското здружение со жртвата на онлајн насилството треба да биде охрабрувачко, жртвата да биде упатена до соодветните институции за да го пријави насилството, и секогаш кога е можно, се препорачува жртвата да го пријави насилството придружувана од претставник на здружението како лице од доверба, односно придружник.

Случаите на онлајн НВЖД можат да бидат сложени, различни видови насилство тие можат да се преклопуваат и на жртвите им е добредојдена и неопходно потребна поддршка за да можат да се фокусираат што е можно повеќе на сите важни факти што треба да ги презентираат, па поддршката и помошта од граѓанските активисти ги прави правејќи да се чувствуваат безбедно и заштитено. Ако е здружение првиот контакт на жртвата со системот, секогаш кога е можно, препорачливо е да и се помогне на жртвата да ги обезбеди и да избере докази кои можат да и помогнат при пријавувањето насилство, а во одредени случаи, да и се обезбеди помош на жртвата при хронолошко запишување и презентирање на настаните, а со цел да им се олесни на надлежните органи да го најдат патот при превземање на мерките, дејствијата и постапките за заштита и ефикасно гонење.

Во Северна Македонија денес постои широка мрежа на граѓански организации кои обезбедуваат заштита и поддршка на жртвите на насилство врз жени и девојки, а некои од нив, како здружението ЕХО едукативно-хуманитарна организација Штип, се профилирани во давање бесплатни правни совети, психосоцијална помош и поддршка и услуги за економско јакнење, ресоцијализиација и реинтеграција на жртвите, во сите случлаи на насилство.